Универзитет „Св.Кирил и Методиј"
Филозофски факултет – Скопје
Институт за педагогија
Постдипломски студии по педагошки науки

# Воспитните аспекти на програмата за животни вештини во основното училиште

(магистерски труд)

Ментор:

Проф. Д-р Сузана Миовска - Спасева

Кандидат:

Магдалена Мојсовска

Скопје, 2014

# Содржина

Вовед ..................................................... 4

**ПРВ ДЕЛ**

Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1. Основно образование во Република Македонија ..................................................... 7
   1.1. Мисија на основното образование ..................................................... 9
   1.2. Цели и задачи на основното образование ..................................................... 10
   1.3. Принципи на основното образование ..................................................... 12
   1.4. Некои реформи во основното образование ..................................................... 14
      1.4.1. Реформски приоритети во основното образование ..................................................... 16
      1.4.2. Иновации во образовниот процес во одделенска и предметна настава ......... 18
2. Воспитната функција на училиштето ..................................................... 20
   2.1. Улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес во основно училиште ..................................................... 22
   2.2. Воспитната улога на одделенскиот наставник ..................................................... 26
3. Образование за животни вештини во основното училиште ..................................................... 28
   3.1. Основни концепти на програмата за образование за животни вештини ............ 30
   3.2. Задачи и очекувани резултати од образование за животни вештини ............ 31
   3.3. Содржина на образование за животни вештини ..................................................... 33
   3.4. Методи на поучување во образование за животни вештини ..................................................... 35
   3.5. Активности од образование за животни вештини ..................................................... 39
      3.5.1. Планирање на активности од животни вештини ..................................................... 41
      3.5.2. Форми на реализација на активности од животни вештини ..................................................... 42
      3.5.3. Вреднување на активности од образование за животни вештини ..................................................... 45
   3.6. Специфики во реализација на содржини од програмата за животни вештини ......47
      3.6.1. Реализација на образование за животни вештини во одделенска настава ......50
      3.6.2. Реализација на образование за животни вештини во предметна настава ...... 52
   3.7. Предлози за идни активности во програмата за животни вештини ..................................................... 55

## ВТОР ДЕЛ

Методологија на истражувањето .......................................................... 57

1. Предмет на истражување .......................................................... 58

2. Дефинирање на основните поими на истражувањето ...... ........................................ 59

3. Цел и карактер на истражувањето .......................................................... 59

4. Задачи на истражувањето .......................................................... 60

5. Хипотези .......................................................... 61

6. Варијабли на истражувањето .......................................................... 62

7. Методи, техники и инструменти на истражувањето .......................................................... 62

8. Популација и примерок на истражувањето .......................................................... 64

## ТРЕТ ДЕЛ

Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето .......................................... 66

1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на наставниците ........ 67

2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на учениците ............100

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ

Општи заклучоци .......................................................... 111

Литература .......................................................... 115

Прилози .......................................................... 119

# ВОВЕД

Основното образование претставува првиот образовен степен во Република Македонија. Неговата основна мисија е да воспитува, образува и насочува. Процесот на образование подразбира пренесување на акумулираните знаења, вештини, ставови и вредности, од една на друга генерација. Со реализација на наставата во училиштата се реализира воспитно-образовниот процес, во чие средиште се наоѓа ученикот. Стратешки цели на воспитно-образовната дејност на основното образование е да им се овозможува на учениците: индивидуален развој, усвојување знаења и умеења за природата, општеството и човекот, како и оспособување за нивна примена во животот и образованието.

Покрај редовните и изборните предмети, согласно со наставниот план и програма за основното образование, во рамките на одделенскиот час се реализираат содржини од програмата на *образование за животни вештини.* Овие содржини се планирани за реализација со измените во Концепцијата за деветгодишно основно образование, (2007 година) утврдени од Бирото за развој на образование, во соработка со Министерството за образование и наука. Содржините од програмата за *животни вештини* се реализираат, според наставната програма за соодветната возраст / одделение (од второ до деветo одд.), на часовите на одделенската заедница - со еден час седмично, односно 36 часа годишно. Само во прво одделение одделенскиот наставник ја реализира наставната програма од образование за животни вештини, интегрирано со другите наставни предмети. За овие содржини не е предвидено оценување, но имаат особена важност во развојот на карактерните особини и личноста на ученикот.

Наставната програма од *образование за животни вештини* ги опфаќа сите три развојни периоди во основното образование, со по три одделенија. Овој пристап овозможува флексибилен приод во проучувањето на предвидените теми и содржини, во зависност од реалните животни ситуации на учениците во училиштето и непосредната околина, како и од нивните потреби. Учениците имаат можност за развој на психосоцијалните вештини, оспособувајќи се за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот. Интересна е можноста за искуствено учење и стекнување вештини низ игриви активности, во текот на часот. Обработката на содржините по животни вештини се врши најчесто, преку т.н. работилници,

избрани од наставникот – реализатор, а соодветни на возраста, зрелоста и потребите на учениците.

Во стратешките цели на основното образование, како приоритет е зацртано подобрување на квалитетот на наставата, со користење нови наставни форми и методи. Оваа карактеристика треба да резултира со мисловно ангажирани и мотивирани ученици, подготвени за високи постигнувања.

Покрај образовната функција на знаењата, работните навики и способностите со кои се стекнуваат учениците, од особена важност е воспитната функција на образованието за *животните вештини*, во училиштето по мерка на ученикот. Воспитната функција на училиштето е квалитет што не се оценува со описна или нумеричка оценка, но се препознава и постои кај секоја личност.

Во таа смисла, овој труд е насочен кон препознавање на воспитната функција во програмата на образование за животни вештини за основното училиште.

Трудот се состои од четири дела, меѓу себе логички поврзани: *теоретски пристап кон проблемот, методологија на истражувањето, анализа и интерпретација на резултатите, заклучок, литература и прилози.*

*Теоретски пристап кон проблемот* – претставува содржинска целост во која даваме осврт за местото на образованието за животни вештини во воспитно-образовниот процес, во рамките на основното училиште. Со оглед на разликите во формите, методите и начините на реализација на содржините во текот на наставата, правиме осврт на: принципите, содржините, методите и активностите при реализација на поставени задачи и цели.

Во делот насловен како *Методологија на истражувањето* објаснет е методолошкиот пристап кон истражувањето, што има за цел да ја испита и утврди воспитната функција во програмата за животни вештини. Во овој дел, се опфатени: предметот, целта, задачите, хипотезите и примерокот на истражувањето. Ги опишуваме: варијаблите, методите, техниките и инструментите, со кои ги обезбедивме податоците во истражувањето, како и постапките и начините за нивна обработка.

Третиот дел содржи податоци за извршената анализа на резултатите добиени од анкетирањето на испитувачите, нивните ставови и мислења. Заклучоците, што произлегуваат од овој дел се последниот дел од трудот.

На крајот се поместени користената литература и прилозите на овој труд.

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

# 1. Основно образование во Република Македонија

Основното образование во Република Македонија се организира и реализира според Концепција за основно образование и воспитание, утврдена од министерот надлежен за образование и наука. Според Концепцијата за задолжително деветгодишно основно образование, основното образование трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди. Секој од овие периоди опфаќа по три одделенија, и тоа првиот период – од прво до трето одделение, вториот период – од четврто до шесто одделение, а третиот период ги опфаќа седмо, осмо и завршното девето одделение. Наставата во основното образование во Република Македонија се реализира со употреба на македонски јазик и неговото кирилско писмо. За припадниците на други етнички заедници наставата се реализира на јазикот и писмото на заедницата, но со задолжително познавање и изучување на македонскиот јазик. Наставата во текот на основното образование се реализира според наставниот план и наставните програми што ги изготвува Бирото за развој на образование (БРО), а ги утврдува министерот за образование и наука.

Наставниот план претставува документ што го содржи: годишниот и неделниот број на наставни часови (по задолжителните и изборните предмети, одделно), нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна и додатна настава, како и часот на одделенска заедница. Часовите по дополнителна настава се организираат за работа со учениците кои имаат потешкотии во учењето и им е неопходна повремена помош, во текот на наставната година. За разлика од дополнителната настава, во рамките на додатната настава се усвојуваат планирани содржини, со учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.

На часовите на одделенската заедница се реализираат содржини што се именувани како „Образование за животни вештини". Овие содржини се предвидени и планирани за реализација на часовите на одделенската заедница, од страна на БРО и во соработка со МОН, со измените во Концепцијата за деветгодишно основно образование (од 2007 г.). Предвидените содржини имаат особена важност за личниот и социјалниот развој на учениците, имајќи го в предвид фактот дека основното образование

претставува „првиот значаен социјален контекст (вон семејството) каде се стекнува односот кон знаењето, одговорноста и работните навики, и се социјализира во духот на општествените вредности.”

Наставата по сите наставни предмети, што ги изучуваат учениците во текот на своето основно образование, се реализира согласно со наставната програма по соодветниот наставен предмет. Наставните програми ги содржат: наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Наставниот план и наставните програми за основно образование за учениците со посебни образовни потреби се разликуваат од наставните програми за учениците во редовните училишта. За учениците со посебни образовни потреби, содржините и наставните цели по сите наставни предмети се прилагодени, според нивните образовни потреби. За реализација на овој вид настава, секој наставник изработува индивидуален образовен план (ИОП) што ги содржи активностите, целите и задачите предвидени согласно со можностите на ученикот.

Основното образование во Република Македонија претставува првиот образовен степен кој се реализира во основните училишта. Основното образование, неговата реализација и дејност, се уредени со Законот за основно образование.

## 1.1. Мисија на основното образование

Основното образование се реализира во основните училишта, согласно со воспитно-образовната политика на Република Македонија. Со Законот за основно образование прецизно се дефинирани концепциската поставеност и низа карактеристики, за овој вид образование. Пропишани се: цели, задачи, принципи, како и структурата и организацијата на воспитно-образовната работа во основните училишта. Почитувањето на одредбите од Законот за основно образование овозможува успешна реализација на воспитно-образовната дејност, во рамки на основното образование. Воспитанието и образованието се комплементарни педагошки и општествени функции. Основното образование се реализира согласно со неговата основна мисија: *основното образование треба да воспитува, образува и насочува.*

Реализација на мисијата на основното образование е можна само низ процесот на едукација на сите возрасни групи ученици кои што ќе имаат можност, низ образовниот процес во основните училишта, да учат содржини со разбирање и да стекнуваат умешност за животни вештини. Целокупниот образовен процес се реализира според наставниот план и наставните програми за основно образование. Планираните наставни содржини им овозможуваат на сите генерации ученици стекнување одговорност и работни навики, како и нивна социјализација во духот на општествените вредности.

За последната деценија на дваесетиот век и почетокот на 21-от век, карактеристични се многубројни промени во општественото опкружување (економски, социјални и сл.). Овие промени се рефлектираат и во образовниот систем. Техничко-технолошкиот развој, како и појавата на многубројни иновации во опкружувањето, ја наметнаа неопходноста од промени и во образовниот систем. Низ генерациите ученици се создаваат личности оспособени со знаење, вештини, ставови и вредности за промените во општествениот живот. Интензивниот техничко-технолошки развој ја наметна потребата од примена на нови информатичко-комуникациски технологии. За примена на овие технологии неопходно е стекнување нови знаења, вештини и способности, кај учениците од сите возрасни групи. Процесот, на стекнување нови

знаења и вештини кај учениците, претставува континуитет и зацврстување на соработката меѓу учениците и наставниците. Промените во образовниот систем иницираат покреативен пристап во учењето со примена на нови методи, како надополнување на методите и начините на работа со учениците. Зголемување на интеракцијата во текот на наставата резултира со поголема ефикасност во реализација на планираните содржини. На тој начин се забрзува процесот на создавање ефективно основно училиште, соодветно на приликите во современото општество.

Низ образовниот систем во основното училиште, секој поединец има можност за развој на сопствената личност. Личниот развој се должи на оспособување на личноста на ученикот за преземање на индивидуална, семејна и граѓанска одговорност. Образовниот систем во основното училиште овозможува стекнување образование кое ги идентификува, почитува и развива индивидуалните потреби, интереси и афинитети на личноста на учениците. Истовремено, демократските процеси и општествените промени овозможуваат кај учениците да се развива чувството на припадност на општествената заедница, почнувајќи со основното образование. Процесот на развивање на способностите и проширувањето на знаењата кај учениците му даваат нов квалитет на односот кон знаењето и научната мисла.

## 1.2. Цели и задачи на основното образование

Основното образование се реализира во рамките на основните училишта, преку реализација на воспитно-образовен процес. Стратешките цели и задачи на наставниот процес треба да им се овозможува на учениците: индивидуален развој, усвојување знаења и умеења за природата, општеството и човекот, како и оспособување за нивна примена во животот и образованието.

Целите и задачите на основното образование и воспитание претставуваат појдовна основа за планирање на наставата и другите активности на учениците. Основното воспитание и образование има цел да овозможува: *хармоничен развој на учениците во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на*

*почитување на основните човекови права и слободи.* (Концепција по јавна расправа со измени и дополнување, 2007)

Хармоничен развој на учениците подразбира добивање можност и создавање услови за: когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен развој. Оваа цел се постигнува со: развивање свест за сопствената индивидуалност, самодоверба и одговорност; равивање на комуникациски вештини, критичко мислење и креативност; препознавање на сопствените чувства и напредок. Воспитната функција на основното образование подразбира: воспитување за почитување на човековите права, рамноправност и слобода, а промоција на значењето на учењето и работата.

Цел на основното образование претставува и: *оспособувањето на учениците за усвојување на знаења и вештини за делување во општествената и природна околина.* Со реализација на оваа цел учениците усвојуваат применливи знаења од сите области на општественото живеење. Се откриваат и развиваат истражувачките, творечките и креативни способности кај учениците. Во рамките на оваа цел, можност за поддршка и развој добиваат талентираните ученици и децата со посебни образовни потреби.

Согласно со општествените промени, се јавува потребата *за развивање граѓанска свест за припадност на Република Македонија, со негување и почитување на националниот и културен идентитет.* Оваа цел на основното образование се постигнува преку запознавање со историските, традиционални и културни вредности на сопствениот народ. Оспособувањето за комуникација на странски јазици овозможува запознавање со други култури, промоција на толерантност, еднаквост и солидарност.

Воспитно-образовниот процес во основните училишта се реализира во три периоди. Од особена важност е, соодветно на возраста, учениците *да се оспособуваат за превземање одговорност за сопственото здравје и здравата околина.* Унапредувањето на здравиот начин на живеење и јакнењето на еколошката свест, за заштита на животната средина, претставуваат предизвици што се реализираат во континуитет.

Основното образование претставува образовен циклус, со прецизно дефинирани цели и задачи, што овозможува учениците да стекнат култура на живеење, со здрави навики и животни вештини.

## 1.3. Принципи на основното образование

Основното воспитание и образование е задолжително и достапно за сите деца, без оглед на нивниот род, социјалното и културно потекло, вероисповедта, националната припадност и различните физички и психички способности.

Со реализација на воспитно-образовниот процес, што го овозможува развојот на личноста на ученикот и темелните човекови вредности (индивидуална слобода, интегритетот, достоинството и еднакви права, претставува *принцип на демократичност* во основното образование. Основното училиште треба да ги охрабрува учениците да ја откриваат својата посебност како индивидуи и активно да се пидготвуваат за одговорен живот во демократско граѓанско општество.

*Принципот на недискриминација* подразбира обезбедување на сите потребни мерки за заштита на ученикот од сите форми на дискриминација во текот на неговиот престој во училиштето. Училиштето треба да промовира и овозможи осварување на правата на секој ученик и уживање на плодовите на воспитно-образовниот процес, без дискриминација.

Во основното воспитание и образование треба да се создаваат можности секое дете максимално да ги развива своите интелектуални и физички способности, како и својата надареност. Основното образование да овозможи наставата да се усогласи со индивидуалните разлики меѓу учениците (начинот и брзината во учење и напредување). *Принципот на почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците* ќе овозможи примена на различни методи за мотивирање и подучување на наставни содржини што одговараат на индивидуалните потреби и можности на учениците.

Во основното училиште треба со активностите и методите на работа на учениците и наставниците да се овозможи развивање на *принцип на разбирање на другите и мултикултурност.* Овој принцип подразбира почитување на разликите меѓу луѓето, нивните права и одговорности. Мултикултурноста на македонското општество овозможува основното училиште да го проомовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живвеење, почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиции. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло и поттикнување на интересот за запознавање на културното

наследство на другите заедници.

*Принципот на партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина* се темели на три компоненти:

а) обврската на училиштата да им обезбедуваат на родителите навремени и пристапни информации за случувањата во училиштето, што се релевантни за школувањето на нивните деца, како и информации што се поврзани со работата и напредувањето на децата во училиштето;

б) овозможување учество на родителите за: донесување одлуки во училиштето што се однесуваат на воспитанието и образованието на нивните деца, како и непосредно учество во планирање и оставрување на училишните активности во зависност од интересите на учениците;

в) овозможување на родителите и локалната заедница за активно поддржување на животот и работата на учениците во училиштето.

Почитување на принципите за основно образование придонесуваат за развивање кај учениците одговорност, критичко расудување за вредностите и подготвеност за комуникација и разбирање.

## 1.4. Некои реформи во основното образование

Основното образование во Република Македонија се реализира во рамките на основните училишта. „Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот." (УНЕСКО). Воспитно-образовниот процес претставува сложена и динамична структура од повеќе субјекти. Во секојдневната пракса потврдено е дека, успешната воспитна работа зависи од квалитетот на воспоставените односи меѓу субјектите во воспитниот процес.

Од посебна важност за квалитетот на воспитно-образовниот процес е нивото на интеракција што постои на релација наставник-ученик. Секој наставник не може на ист начин да воспостави однос со секој ученик. Квалитетот на воспоставениот однос зависи од повеќе фактори: личната наклоност, меѓусебното познавање, интересите, ставовите, интелигенцијата, социјалното потекло и методите на работа. (Братаниќ, 1987).

Во нашата педагошка теорија, особено внимание заслужува реформата, актуелна пред неколку децении, а означена како *активна настава – интерактивно учење*. Активната настава претставува „комплексна дидактичко-методичка и психолошка категорија" (Адамческа, 1996). Наставната практика во современото училиште настојува активната настава да ја утврди како систем на модели кои полека формираат нов дидактички кодекс во училиштето. Таа поседува обележја кои имаат дидактичко-методички карактер: активност, интеракција, интеграција, истражување, индивидуализација / диференцијација, социјализација, мотивација, тимска работа и престилизација на ентериерот. Според својата дидактичка суштина, активната настава е проблемска. Во неа преовладуваат полистратегиски модели на работа. Како процес се афирмира самоучењето, а во процесите на осознавање се воспоставува дух на соработка.

Реформските промени во основното образование во Македонија се резултат од бројни истражувања на европските образовни системи. Земајќи ги во предвид, современите достигања во образованието во земјите на Европската Унија, препораките на Советот на Европа и на други меѓународни организации се реализирани промени и во нашиот образовен систем. Реформа во образовниот систем претставува

воведувањето на *деветгодишното образование и воспитание*, кое почна да се реализира во учебната 2007 / 2008 година. Основна карактеристика на овој вид образование е возрасната група на ученици кои школувањето го започнуваат на шестгодишна возраст. Организацијата на школувањето на учениците се реализира во три возрасни периоди, според современите теории и развојни карактеристики на учениците, што се прифатени во развиените земји. Соодветно на возраста на учениците се организирани три периоди на школувањето: прв период од I до III одделение, втор период од IV до VI одделение и завршен период од VII до IX одделение. Планирањето на наставата се врши според определените наставни цели и се проценува степенот на очекувани резултати. Воведени се промени и во користење на различни извори за учење. Вреднување на стекнатите знаења се врши во рамките на училиштето и со реализација на екстерно оценување по два наставни предмети.

Во периодот од 2000 до 2006 година, Република Македонија се вклучува во неколку проекти за меѓународна евалвација во образованието. Програмата што се однесува на меѓународна евалвација на постигањата на учениците по завршувањето на општото образование е означена како PISA (Programme for International Student Assessment). Со оваа програма се оценува подготвеноста на учениците за продолжување на школувањето и за вклучување во секојдневните професионални и животни ситуации. Поконкретно, се испитува писменоста на учениците за читање, математика и природни науки.

Воведувањето на интерактивната настава претставува процес во кој се очекува стручно оспособен наставник да ги реализира следните активности:

-ги спознава индивидуалните способности и можности на секој ученик, неговиот стил на учење, предзнаењата, мотивираноста и ставовите кон учењето;

-поаѓајќи од наставните цели и очекувани резултати, ја планира и подготвува наставата; планира активности на ученикот и наставникот; методи и форми на работа; извори на учење и методи и постапки за проверка на степенот на постигнатост на целите;

-го организира и води наставниот процес, го поттикнува и насочува интересот и внатрешната мотивација кај учениците; создава демократска атмосфера во училницата; ги поттикнува на соработка и истражувачки активности;

-го следи, проверува и оценува развојот и напредокот на секој ученик (со примена на: дијагностичко, формативно и сумативно оценување);

-континуирано ги информира учениците и нивните родители за резултатите од учењето;

-соработува со родителите на учениците и училишниот тим за интерактивна настава; континуирано работи на сопственото стручно усовршување, работи тимски и ги афирмира своите и искуствата на другите.

Најчесто користени организациони форми во интерактивната настава се: работа во парови, индивидуална работа, а по потреба заедничка форма на работа.

## 1.4.1. Реформски приоритети во основното образование

Секој граѓанин на Република Макеонија, како уставна определба, има неприкосновено право на образование. Почнувајќи од деведесетите години на минатиот век, инклузивното образование овозможува пристап со кој се задоволуваат потребите за учење на сите ученици во еден образовен систем. Начелата на инклузивното образование се базираат врз основните принципи на Конвенцијата на правата на детето.

Инклузијата на учениците со посебни образовни потреби претставува можност за создавање системи кои се флексибилни и даваат поддршка за задоволување на потребите на ученици со различно потекло во редовните училишта и училници. Имплементација на инклузивното образование на национално ниво е поддржана со меѓународни договори. Правото на образование се реализира кога „лицата со пречки во развојот имаат пристап до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование на еднаква основа, како и останатите кои живеат во нивните заедници и имаат право на бесплатно основно образование и еднакви можности за средно образование, како и учениците без пречки во развојот. “ (Конвенција на правата на лица со посебни потреби, 2007). Инклузивното образование може да се дефинира како процес низ кој училиштето се обидува да одговори на потребите на сите ученици како поединци преку реструктурирање на организацијата на наставните планови и

обезбедување и распределба на ресурси, за зголемување правичност на можностите. Овој процес овозможува училиштето да ги гради своите капацитети, со цел да ги прифати сите ученици од локалната заедница кои сакаат да го посетуваат училиштето и при тоа се намалуваат сите форми на исклученост на учениците, поради нивните пречки во развојот, етничката припадност или сето она што може да им го направи тежок училишниот живот на некои деца (Sebba и Sachdev, 1997).

Покрај процесот на инклузија, во реформски приоритети на основното образование спаѓа и процесот на *примена на ИКТ* (информатичко-комуникациски технологии). Интензивниот технички и технолошки развој претставува можност за успешна примена на ИКТ во рамките на образовната практика на сите организациски нивоа. Во рамките на оваа реформа беа превземени низа активности од страна на Министерството за образование и наука.Со воведување на проектот „Компјутер за секој ученик" направена е донација од околу 100000 компјутери на државните училишта во Република Македонија. Следуваше и обука за наставниот кадар за работа со компјутерската опрема. Современиот образовен систем стана неделлив дел од информатичката технологија, во сите степени на образование.

## 1.4.2. Иновации во образовниот процес во одделенска и предметна настава

Значајните општествени промени и образовните реформи се рефлектираат врз организацијата и текот на воспитно-образовниот процес и во самите основни училишта. Со воведувањето на Концепцијата на деветгодишно основно образование беа воведени нови наставни предмети, според соодветни наставни програми.

Воведувањето на промени во одделенска настава го опфати прввиот возрасен период, поточно учениците од прво, второ и трето одделение. Станува збор за иновации во образовниот процес, што се резултат на реформски систем кој е имплементиран во над 150 земји, според реномираната „Cambridge International Examination Centre". Иновациите се реализираат почнувајќи од учебната 2014 / 2015 година и тоа по наставните предмети математика и природни науки. Од страна на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието, реализирани се обуки на наставниците. Обуките се однесуваа на начинот, методологијата и спроведувањето на иновираната настава. Според Кембриџ - програми учат и учениците во Велика Британија која е една од земјите - лидери во развојот и квалитетот на образовниот систем во светот. Содржините според Кембриџ – програмите се реализираат според наставни програми што се прилагодени на возраста на учениците и поднебјето на Република Македонија. Со оваа образовна реформа е планирано да бидат опфатени сите одделенија од основното образование. Во следната учебна година планирани се образовни промени по истите наставни предмети, за учениците од четврто, петто и шесто оделение, а да се заврши во учебната 2016 / 2017 година со учениците од седмо, осмо и деветто одделение. На тој начин се добива можност за заокружување на целиот процес на реформа на деветолетката.

Според препораките и насоките според Кембриџ, со овој вид реформски процеси повторно во фокусот на вниманието на образовниот процес се поставува ученикот. Промените опфаќаат поинтензивна истражувачка активност на наставниците, од една страна, а зголемување на самодовербата и критичноста на самите ученици, од друга страна. Иновација има и во начинот на учење кај учениците. Се очекува подобрување

на квалитетот на изучување низ примери, што во практиката се покажува како многу позначајно за учениците. Планирано е процесот на реформи, со текот на учебните години, да ги опфати сите генерации ученици од основното образование.

Реформските процеси во основните училишта ја опфатија и предметна настава. Почнувајќи од оваа учебна година 2014 / 2015, наставниците од предметна настава следеа обука за *Иновации* во наставата, како редовен предмет со годишен фонд од 36 часови. Иновациите во предметна настава се реализираат со наставниците од одделни наставни предмети. Според поставените цели, овој вид настава треба на учениците да им овозможи развивање на креативноста, претприемачкиот дух и иновативното размислување. Учениците да стекнат знаења и вештини од претприемаштво и иновации. Воведувањето на нови наставни предмети му дава дополнителен квалитет не само на образовниот, туку и на воспитниот процес. Преку процесот на учење, ученикот има можност за: развивање на самодоверба, тимска работа и однесување во рамки на група, развивање на иновативно размислување и отвореност за самоистражување.

Иновациите во предметна настава им овозможуваат на учениците оспособување со знаење и вештини, што ќе им користат во нивниот секојдневен живот, во домот и општеството. Учениците имаат можност за запознавање со: значењето на професионалниот и кариерен развој, основните иновативни процеси и технологии, основните инструменти на маркетингот и финансиското работење. При тоа се оспособуваат за: развивање чувство за самокритичност, дух за тимска работа и умешност за презентација на своите идеи и проектни активности.

Преку воведување на овие иновации во работењето на основните училишта стремежот е во насока за добивање дополнителен квалитет и ефикасност во основното образование.

## 2. Воспитната функција на училиштето

Училиштето претставува институција во која се реализира воспитно-образовниот процес. Воспитанието и образованието се неговите основни компоненти. Во рамки на наставата се тежнее кон интегрираност (единство) меѓу овие компоненти. Училиштето претставува специфичен организациски систем што влијае на образовната и воспитна конпонента. Процесот на образование подразбира стекнување на знаења и способности, а процесот на воспитание има повеќе различни форми. Воспитната функција на училиштето е интегрирана со другите негови цели и задачи. Училиштето, во своето работење, продуцира активности кои овозможуваат високи достигнувања и резултати на учениците. Во училиштето, учениците имаат можност за стекнување знаење, вештини и навики, што им овозможуваат да се изградат во личности.

Градењето на личноста на ученикот е сложен процес, што има воспитна и социјална функција. Личноста на ученикот усвојува навики и формира уверувања со цел оспособување за самостојно размислување. Во текот на воспитно-образовниот процес во училиштето, ученикот се оспособува за да може да живее, работи и дејствува самостојно. Ученикот се учи да знае да вреднува (свои и ставови на другите), критички да завзема одредени ставови и да аргументира. Степенот на успешнот и сложенот на постигањата е соодветен на возраста на индивидуата.

Поимот *воспитание* подразбира свесно делување врз свеста на некоја личност. Во текот на воспитно-образовниот процес во училиштето, ученикот претставува личност што се формира и развива. Но воспитната функција на училиштето претставува надградба на основното воспитание што го добива ученикот во рамките на семејството. Семејството претставува природна средина која има примарна улога во поттикнување на развојот на личноста на ученикот. Комуникацијата и интеракцијата на ученикот, со родителите и членовите на потесното семејство, е појдовен елемент во формирањето на личноста. Правилното воспитанието на ученикот, стекнато во рамките на семејството и училиштето, претставува вистинска насока во изборот на можности и предизвици во животот. Доброто воспитување не дозволува прифаќање на евентуални негативни влијанија од околината. Почитувањето на семејните вредности е темел на формирање организирана, културна и одговорна личност.

Процесот на формирање на личноста на ученикот е процес од особена важност за поединецот и општествените вредности. Во рамките на стекнувањето на воспитните карактеристики на ученикот, училиштето ја има секундарната улога. Наставникот има своја улога и влијание во воспитниот процес. Наставникот ги насочува учениците и го помага нивниот личен развој. Учениците, во рамките на училиштето, ги стекнуваат своите морални и етички вредности. За формирање на личности, со позитивни морални и етички вредности, одговорни се наставниците и родителите.

Училиштето, како здрава средина за правилен раст и развој, овозможува создавање свесност за потребата од информирање (како еден начин на спознавање и учење). Во друштво на своите врсници, ученикот полесно се поттикнува на активност. Во процесот на интеракција со врсниците, се развиваат способности од најразличен вид, се развива самодоверба, спознавање на сопствената и личноста на другите. Во овој процес секој поединец има можност за правилен когнитивен и емоционален развој. Можноста за создавање позитивна слика за себе, како и можноста за спознавање на своите потреби и желби, е сензитивна категорија на воспоставени односи на која влијаат голем број чинители (семејството, врсниците, опкружувањето, училишната средина и сл.).

Секое училиште, во рамките на своите можности, треба да го развива воспитно-образовниот процес, имајќи во предвид (Според Унивезалната декларација за човекови права, член 26.2) дека: „ …образованието треба да биде насочено кон целосен развој на личноста и кон градење почит кон човековите права и слободи. Тоа треба да промовира разбирање, толеранција и пријателство.”

## 2.1. Улогата на наставникот во воспитно – образовниот процес во основно училиште

Основното училиште претставува образовна институција во која се реализира првиот степен од образовниот систем во Република Македонија – основното образование. Во рамките на наставата во училиштето се реализира воспитно-образовен процес, што подразбира единство на воспитната и образовна функција на училиштето. Улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес е комплексна. Наставникот треба:

-да ги пренесе своите знаења на новите генерации,

-да ги искористи и примени во наставата своите способности и познавања во различни научни подрачја,

-да ги научи децата како да мислат, а не што да мислат,

-да ги мотивира и поттикне за реализација на содржини во училиштето сите ученици,

-да им помогне на учениците во нивниот личен развој,

-да ја користи својата имагинација и креативност во наставата, овозможувајќи им на учениците стекнување на нови сознанија,

-да е ангажиран и за сопствениот професионален развој и сл.

Наставникот, како активен учесник и координатор, во воспитно-образовниот процес треба да реализира активности за развивање постојана насоченост кон поквалитетно образование. Улогата на наставникот е од исклучително значење бидејќи, во голема мера, тој е одговорен за темпото и насоката на развојот на сите ученици. Улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес е да го поддржува развојот на сите воспитни карактеристики на ученикот: да стане одговорен член на општеството, да развие чувство за емпатија и грижа за другиот, да биде отворена личност и да ги почитува различностите, да развие вештини, да формира, да го изразува и застапува своето мислење, да ги слуша со почит и да биде толерантен/толерантна кон мислењата на другиот и да разрешува конфликти.

Еден од условите за успешна реализација на компетенциите на наставникот е воспоставување и развивање успешни интеракции: наставник-ученик, наставник-возрасни лица и ученик-ученик. Овие интеракции се клучни за квалитетно образование. Тие треба да овозможат: успешна комуникација меѓу сите субјекти поврзани со наставниот процес (директно: ученици, наставници или индиректно: родители, други стручни лица), со уважување на мислењето на секој поединец, развивање самодоверба и одговорност.

Интеракцијата наставник – ученик обезбедува пријателски однос кон ученикот, развој на позитивна слика за себеси и почитување кај секој ученик на неговата личност. Оваа интеракција резултира со меѓусебно почитување и изразување на задоволството од работата. Интеракцијата на учителите и нивните очекувања од учениците се во согласност со нивниот развој и учење. Наставникот, во текот на наставата се труди да стапи во интеракција со секој ученик, помагајќи му да стане посигурен и стимулирајќи го неговото учење и развој. Дополнитлна улога на интеракцијата наставник - ученик е што ја поттикнува иницијативноста на учениците, нивната автономност, самостојност и потребата од лидерство.

Интеракцијата на релација наставник-ученик може да придонесува за развој на чувство на припадност и потполна поддршка за реализација на сопствените потенцијали. Наставникот го поттикнува социјалниот развој на учениците помагајќи им да стапат во меѓусебна интеракција, со заемно разбирање, поддршка и развивање на чувство на припадност во средината. Одговорноста на наставникот е особено голема при подготовка на активности за учениците, преку кои тие треба да научат како да ги разликуваат чувствата, да ги препознаваат кај себе и кај своите другарчиња и да можат слободно да зборуваат за нив. Наставникот ги негува демократските вредности, преку поттикнување на секој поединец, да го изрази своето мислење на начин соодветен на неговата возраст и да учествува во донесувањето одлуки. Преку примена на разновидни начини на делување, наставникот го стимулира и го поддржува развојот на јазикот на учениците и нивната меѓусебна комуникација.

Наставникот остварува осмислена и двонасочна интеракција со возрасните, за да го одржува и подобрува квалитетот на учењето и развојните карактеристики кај учениците. Во релациите со семејствата, другите колеги и со членовите на заедницата,

наставникот стимулира и поддржува социјална интеракција која се базира на почитување. Тој соработува со другите стручни лица и вработени во училиштето, а периодично и по потреба комуницира и со други надворешни членови од локалната и пошироката заедница.

Улогата на наставникот се остварува и преку воспоставување партнерство со семејствата на учениците и создавање различни можности семејствата и членовите на заедницата да учествуваат во учењето и развојот на учениците. Вклучувањето на родителите на учениците може да се направи преку нивно учество во заедничкото донесување одлуки во врска со учењето, развојот и социјалниот живот на учениците во училницата и училиштето. При реализација на овој вид соработка, наставникот користи формални и неформални прилики за комуникација и споделување информации со семејството. Преку редовно комуницирање со семејствата, наставникот може да дознае нешто повеќе за средината од која доаѓа детето и да увиди кои се неговите афинитети, интереси и потреби. Овој вид на соработка, со посредство на наставникот, создава можности семејствата да учат едно од друго и да се поддржуваат меѓусебно. Притоа, сите информации за семејствата и учениците се чуваат во доверба, од страна на наставникот. Тоа овозможува меѓусебно почитување, доверба и поголема соработливост меѓу сите субјекти.

Стратегиите кои ги користат наставниците, во текот на наставата, треба да го зајакнат учењето, одразувајќи ги демократските вредности, когнитивниот развој и академските достигнувања во склад со општествениот развој. Стратегиите треба да резултираат со развивање вештини кои се неопходни за учениците да се развиваат во одговорни членови на заедницата. Тие го развиваат и својот сензибилитет, чувството за емпатија, грижа за другите и почитување на различностите. Преку избор на соодветни наставни стратегии, наставникот иницира кај учениците развивање на способност за формирање, изразување и оправдување на своите размислувања, правење добар избор, како и донесување интелигентни одлуки. На тој начин, наставникот ги насочува и им помага на учениците, да постигнат најдобри резултати во учењето, како и нивните лични цели.

Наставникот прави избор и применува, разновидни методи и форми за работа на наставните часови, со кои ученикот е поставен во активна улога, развивајќи ги

сопствените вештини и афинитети. Овој вид активности, најчесто го поттикнуваат истражувањето, експериментирањето, самостојното промислување и креативноста кај секоја личност. За развој на когнитивните способности кај учениците, наставникот задава проблемски активности за чија реализација е неопходна досетливост и логичко размислување.

Наставникот, со примена на своето искуствено знаење, го поддржува емотивниот и социјалниот развој на ученикот и го зајакнува чувството за индивидуалност кај учениците. Во текот на образовниот процес, наставникот ја поттикнува самоконтролата кај учениците и им помага да ја развиваат способноста за разрешување на конфликтни ситуации. Со креирањето на физички и психолошки безбедна средина, наставникот го поттикнува учењето низ самостојно и групно истражување, преку игриви активности и интеракција меѓу учениците и возрасните. Наставникот гради и одржува атмосфера во која секој поединец е почитуван. Тој учествува и во создавање и одржување здрави и стимулативни услови, кои ги потикнуваат учениците на истражување, учење и независност. Од особена важност, за јакнење на улогата на наставникот во воспитно-образовниот процес, е неговото постојано развивање на компетенции, со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата, во согласност со очекувањата од еден современ образовен систем.

## 2.2. Воспитната улога на одделенскиот наставник

Улогата на одделенскиот наставник во рамки на воспитно-образовниот процес е специфична. Во одделенска настава, учениците најголем дел од времето во денот се заедно, во училиште со одделенскиот наставник. Значително е подолго времето поминато во училиште, споредено со времето поминато со родителите во домот.

Како одговор на предизвиците на современото општество, учениците имаат потреба од менување на улогата и професионалната задача на наставникот (Мијатовиќ, 2003). Менувањето на улогата на наставникот, соодветно на општествени промени, претставува вложување во човечки ресурси и образование (Watson, 2002).

Успешно водење на воспитно – образовниот процес може да реализира наставник кој активно ги следи односите меѓу учениците во паралелката. Воспитната улога на одделенскиот наставник ја опфаќа: а) грижата за начинот на комуникација во паралелката, б) градењето позитивна емоционална клима во училницата и в) помагање на учениците во развојот на нивните карактеристики.

*Грижата за начинот на комуни*кација ја опфаќа самата комуникацијата меѓу учениците, како и нивниот однос кон наставникот. Воспитната функција на наставникот се согледува во негово насочување и координирање на меѓусебните односи меѓу учениците. Анализата на подрачјето на меѓусебни односи и комуникација меѓу учениците подразбира: примена на стратегии за преговарање и меѓусебен договор. При тоа, неопходно е почитување на секоја од личностите на учениците, како и нивните ставови и мислења. Доаѓањето до договор меѓу учениците, значи подготвеност за „одбрана" на своите ставови, мислења, вредности и анализа со прифаќање од страна на другите.

*Градењето позитивна емоционална клима во училницата* значи осмислување и организирање на содржини за пополнување на времето поминато со соучениците и одделенскиот наставник во паралелката. Од посебна важност е негување на чувство на емпатија и разбирање меѓу учениците. Иако врсници во паралелката, учениците имаат потреба да се чувствуваат сигурно, заштитено, прифатени од соучениците во училиштето. Чувството на неприфатеност би значело промени во однесувањето на учениците. Во случај на појава на проблеми во однесувањето се применуваат стратегии

за активно слушање, преговарање и соработка. Улогата на одделенскиот наставник е да ги насочи активностите на учениците кон прифаќање на позитивните, а одбивање на негативните карактеристики.

Посебно одговорна е улогата на одделенскиот наставник при помагање на учениците во *развојот на нивните карактеристики.* Со оглед на присуството на одделенскиот наставник во развојниот период на учениците, од нивното поаѓање на училиште, тој најдобро би можел да ги насочи и координира евентуалните варијации при формирање на карактерните особини на секој ученик - поединец.

Улогата на одделенскиот наставник особено добива на важност при замена на традиционалниот вид на настава со современа настава. Кај традиционалното образование наставникот бил во улога на пренесувач на знаења според наставните програми, а во современата настава во улога на критички учител (Мушановиќ, 2007).

Во услови на современа настава, со примена на Концептот за деветгодшно образование реализацијата на содржините на часовите на одделенска заедница, во голема мерка зависи од способноста на одделенскиот наставник за соодветно проучување и примена на способностите на учениците. Стекнатите знаења од овој вид содржини претставуваат практично применливи знаења, способности и вештини.

## 3.Образование за животни вештини во основното училиште

*Образование за животни вештини* претставува образование произлезено од концептот *Училиште по мерка на детето.* Овој вид образование се реализира според курикулум за животни вештини. Образованието за животни вештини претставува надградба на постоечкиот образовен систем, со цел негово одржување и учество во активностите на граѓанското општество. Според филозофскиот принцип на *образование за животни вештини*, тоа е вид на образование кое е релевантно и за поединецот и за општеството.

Усвојувањето на животните вештини преку образовниот систем овозможува прифаќање на врските и динамиката меѓу образованието и општествените случувања. Образованието и општеството се наоѓаат во симбиотична врска. Образованието го претставува начинот на кој може да се разбере, подобри и развива општеството. Само образован поединец може да биде значаен фактор во создавањето на граѓанско општество. Во основното училиште *образованието за животни вештини* претставува можност за учениците, уште од најмала возраст, да се поттикнуваат на размислување за наставата и учењето.

Предвидено е изучување на содржини распоредени во пет тематски подрачја. Специфичен е податокот дека за изучување се предвидени тематски подрачја под исто име, за сите возрасни групи ученици во основните училишта. Сите предвидени содржини за изучување во основното училиште се поделени во три периоди. Возрасниот опфат за секој период претставува група од по три одделенија. За олеснето проучување на содржините од *Образование за животни вештини* се користат прирачници (Балажи, С., 2006) за *Образование за животни вештини,* што содржат и работни листови за поодделни активности. Изборот и планирање на содржини за изучување најчесто го прави наставникот – реализатор на наставата. Избор на теми, анализа, планирање и предлози од страна на учениците е целисходно, само во повисоките одделенија. За секоја тема, наставната програма предвидува по неколку содржини што се обработуваат низ различни активности. При нивна реализација се следи и споредува очекувањето со исходите, согласно со целите зададени за секоја од наставните содржини поодделно. Наставните цели се дадени во наставната програма.

При изборот на содржини за *образование за животни вештини,* се зема в предвид: возраста на учениците, степенот на предзнаење кај учениците на дадена тема, условите за реализација на содржините, интересот и афинитетите на учениците, како и условите во опкружувањето. Избраните содржини од *образование за животни вештини* во основното училиште можат да бидат реализирани на различни начини. Најчесто, реализација на дадени содржини се врши преку планирани различни активности и методи на поучување.

Курикулумот за животни вештини претставува насока за развој на содржината од *образование за животни вештини.* Процесот за развој на курикулум за животни вештини е континуиран и ја зацврстува врската меѓу образованието и практиката. Секогаш во наставната програма, покрај програмските теми се содржани: наставните цели, содржини, употребени поими, активности и методи за реализација на планираните содржини. За поуспешна реализација на предвидените содржини наставаната програма содржи и дадени дидактички препораки. Во програмата за *Образование за животни вештини,* за сите возрасни групи во основното училиште, како носечка дидактичко-методска основа се избрани активностите што соодветствуваат на потребите, желбите и способностите на учениците.

Со наставната програма е предвидено, степенот на успешност при реализација на содржините од *образование за животни вештини* да не се оценува со оценки. Вреднувањето на активноста на учениците да се врши преку избор на показатели за нивната активност. Како и за другите наставни предмети, наставната програма ги содржи и податоците за неопходните просторни услови за реализација на содржините, како и нормативот на наставен кадар и очекуваните резултати.

Особен бенефит од наставната програма на *образование за животни вештини*, при реализација на планираните содржини, е можноста за споредбена анализа на постигнувањата на целите за дадена обработена содржина. Со направена споредба, на постигнатите со очекуваните резултати (зададени во наставната програма), може да се постигне поголема успешност во оспособување на учениците за одделни животни вештини. Одговорноста, креативноста и инвентивноста на наставникот може да дојде до израз при увидување и „откривање” на можностите и придобивките кои можат да се постигнат на ниво на целата паралелка, генерација, па и на ниво на училиште.

## 3.1. Основни концепти на програмата за образование за животни вештини

*Образование за животни вештини* претставува содржина организирана во форма на *наставен предмет,* со соодветен курикулум. Во овој вид образование се обработени содржини со широк опсег, но со прецизно дефинирани цели и методи за нивна реализација. Содржините се однесуваат на реални животни ситуации во училиштето и пошироката околина, но се директно поврзани со потребите на самите ученици. *Образование за животни вештини* претставува можност учениците да промовираат позитивни вредности во функција на општиот развој, а не сами за себе.

Филозофијата на *образование за животни вештини* се темели на создавање можност сите ученици да се стекнуваат со образование базирано на животни вештини. Значи не е доволно учениците да учат *образование за животни вештини*, туку да ги стекнат и применуваат неговите позитивни вредности. Концептот *Училиште по мерка на детето* претставува основа за *образование за животни вештини.* Овој вид образование се темели на програмските образовни цели и содржини, дадени од Бирото за развој на образование (2006 г). Во современиот образовен систем ученикот е активен учесник во воспитно-образовниот процес. Во рамките на *образование за животни вештини,* ученикот има активна улога при проучување и обработка на планираните теми и содржини. Сите тематски подрачја се фокусирани на примена на *јас–концептот.* Издиференцирани се пет тематски подрачја вклучени во програмата за животни вештини, и тоа: Јас – личен развој; Јас и ти – Интерперсонални односи; Јас и другите – општествени односи; Јас и здравјето – Здраво живеење; Јас и околината – Однос со надворешната средина. Обработката на содржините од овие тематски подрачја овозможува промовирање на позитивните вредности, како и примена на животните вештини за задоволување на некои конкретни реални потреби на учениците. Создавање и негување на *животни вештини* кај учениците претставува проширување и збогатување на традиционалното образование и семејното воспитување со нови содржини. Основните цели на *Образование за животни вештини* се поврзани со: стекнување на знаења, развој на вештини и формирање на вредности / ставови. Овие

цели ја формираат комплексната слика на придобивките од стекнувањето на животните вештини, во текот на основното образование.

Во фокусот на *образованието за животни вештини* се наоѓа *стекнувањето и развој на вештините*. Во основното училиште, преку *образование за животни вештини,* учениците стекнуваат комуникациски и интерперсонални вештини, а ја подобруваат сопствената умешност при донесување одлуки и решавање проблемски ситуации. Подобрувањето и развој на когнитивните функции се дополнителна придобивка. Од особена важност е оспособувањето на учениците за креативно и критичко мислење. Стекнувањето на вештини и рутина при реализација на одделни активности, претставува дополнителна цел и мотив за развивање и негување на *Образованието за животните вештини*, како важна компонента во наставниот процес. Содржините од *Образование за животни вештини* се осмислени на начин што овозможува: претпоставките да се поставаат, проверат и направат реалност; имплицитното да се направи експлицитно; да се дефинира „очекувањето" и да се следи неговиот развој и случување (Николовска, 2000).

## 3.2. Задачи и очекувани резултати од образование за животни вештини

Сите содржини од *програмата за образование за животни вештини* имаат носечка задача: *да го претворат знаењето во однесување*. Програмата за *образование за животни вештини*, во рамките на основното училиште, овозможува користење на содржини со балансиран однос меѓу знаења и информации, наспроти ставови / вредности и вештини (Стотард, 2004). Селектирани се пет основни животни вештини:

- само-осознавање и емпатија,
- комуницирање и интерперсонални односи,
- донесување одлуки и решавање проблеми,
- креативно и критичко размислување,
- справување со емоции и стресови.

Овие животни вештини имаат централно место во приодот кон проучување на животните вештини, а за основа ја имаат Масловата хиерархијата на потреби – подредени по категории и фази: физички потреби, безбедност и сигурност, прифаќање, самопочит, интелект, изразување и задоволување на потребите за личен растеж.

*Образованието за животни вештини* претставува можност да се реализираат сите поставени задачи, во рамките на *Училиште по мерка на детето*. Активностите од *програмата за животни вештини* подразбираат: планирање, реализација и евалвација на одредени содржини. Ученикот секогаш е поставен во активна улога, како реализатор на задачи и активности во фокусот на вниманието.

Задачите кои се планирани за реализација на часовите на одделенската заедница претставуваат конкретизација на поставените цели од програмата за животни вештини. Преку нивна реализација се развиваат: когнитивните, моторички и емоционални способности на учениците (БРО, 2006). Очекуваните резултати при реализација на секоја од планираните активности претставуваат реализации на некоја придобивка, како резултат од анализа на проблемски ситуации. Се применуваат разновидни форми и методи на работа на часовите. Иако наставната програма за *образование за животни вештини* ги содржи конкретно дефинираните цели за реализација, сепак секој ученик има можност да напредува соодветно на своите можности и капацитет.

Според дефиницијата за животни вештини (Балажи, 2008) , *животните вештини* се група психосоцијални вештини за јакнење на личниот, емоционалниот и социјален развој. Од суштинско значење е можноста за остварувaње на: физичка, ментална и социјална добросостојба. Во очекувани резултати се вбројуваат:

- поддршка на децата во стекнување определени знаења, ставови и вештини што им помага да одговорат на реалните предизвици со секојдневниот живот,
- внесување промени во однесувањето на учениците преку стекнување определени знаења, ставови и вештини,
- давање поддршка на децата во изборот на здраво однесување.

## 3.3. Содржина на образование за животни вештини

*Образованието за животни вештини* одговара на потребите на децата на секоја возраст и е флексибилно на реалните предизвици од секојдневниот живот. Стекнувањето животни вештини претставува можност учениците да ги применуваат своите знаења и способности во градење здрави облици на однесување. Се разработуваат содржини и активности кои непосредно влијаат на личниот и социјален развој на учениците.

Содржините од *образование за животни вештини* во основните училишта, согласно со Наставниот план и програма, се планирани и се реализираат на часовите на одделенската заедница. Содржините се реализираат, според направен избор и планирање од страна на одделенскиот наставник / одделенскиот раководител. Обработката на содржините се врши со примена на различни методи на учење и поучување. Севкупното знаење и вештини, предвидени за популацијата од основното образование, се групирани во <u>пет тематски подрачја</u>. Во програмата за животни вештини се застапени следните теми:

- Јас – Личен развој
- Јас и ти – Интерперсонални односи
- Јас и другите – Општествени односи
- Јас и здравјето – Здраво живеење
- Јас и околината – Однос со надворешната средина

Секое тематско подрачје располага со возрасно групирани содржини, по периоди: прв период (прво, второ и трето одд.), втор период (четврто, петто и шесто одд.) и трет период (седмо, осмо и деветто одд.). Според организационата поделба на деветгодишното основно образование на три периоди, содржините за животни вештини се поделени на соодветни периоди. За сите периоди, од основното образование, предвидени се истите тематски подрачја, но со различни содржини. Сложеноста на содржините, барањата и активностите се соодветни на возрасната група на која се однесуваат. Покрај возраста на учениците, при планирање за реализација на некоја содржина, се поаѓа од низа фактори, меѓу кои се: можностите и интересите на

учениците, актуелноста и спецификите на дадена тема, целите што треба да се реализираат, како и искуствата од реализација на оваа програма од претходни години. За секоја тема предвидени се по неколку содржини, со можност за обработка низ различни активности. Степенот на сложеност на содржините и комплексноста на поставените цели овозможуваат соодветно планирање на активности и работилници, за секоја содржина.

Дел од овие содржини имаат слични или идентични цели со некои од целите на другите наставни предмети, за соодветната возраст. Од особена важност е можноста за интеграција на содржините од *животни вештини* со содржините од другите наставни предмети. Сепак, при реализација на наставниот процес треба да се настојува назначените дидактички цели од *образование за животни вештини* да бидат реализирани независно и во целост. Преку реализација на целите поставени од страна на наставникот, во текот на редовната настава учениците добиваат можност за подобрување на сопствените карактерни особини и учење преку анализирање на животни ситуации. Примената на „ јас–концептот", како дидактичко – методска основа на содржините, придонесува за личниот, емоционален и социјален развој на учениците. Како извори на активности, во текот на наставата од *образование за животни вештини* се користат најразлични подрачја и начини на комуникација со учениците. Воспоставена интеракција на часовите овозможува поголема продуктивност од секоја активност и реализација на поставените цели.

Планираните активности им служат на учениците, да можат да ги користат своите знаења и способности за практикување на однесување, соодветно на морални и етички принципи. *Образованието за животни вештини* претставува развој на образовната мисла и нејзино поврзување со практиката. Образовниот систем во основното училиште, преку овој вид образование, ја јакне и воспитната функција во рамки на наставниот процес. Учениците добиваат сознанија за важноста на начинот на однесување, во и надвор од училиштето. Учениците стекнуваат <u>способност за претворање на знаењето во однесување</u>. Оваа особина е една од основните задачи на образованието за животни вештини. За нејзина реализација неопходно е развивање способност за балансирање на: знаењата со информациите, како и на ставовите со

животните вештини. Овој вид способност овозможува соодветна реакција на учениците, на предизвиците од секојдневниот живот.

Преку изучување на содржините, од *образование за животни вештини*, е овозможено позитивно влијание на формирањето на карактерни особини на учениците и стекнување искуствени знаења, за воспоставување на односите меѓу учениците и опкружувањето.

## 3.4. Методи на поучување во образование за животни вештини

*Образованието за животни вештини* е научно подрачје кое во рамки на основното образование овозможува обезбедување физичка, ментална и социјална добросостојба на учениците, преку развој на нивните психосоцијални вештини. Реализацијата на содржините за животни вештини е според наставниот план и програма, со прецизно дефинирани цели.

Но за успешна реализација на предвидените содржини, неопходно е планирање на методите на поучување од образование за животни вештини. Методите за реализација на *образование за животни вештини* го дефинираат начинот на утврдување на содржините што се усвојуваат. Наставата, насочена кон стекнување на животни вештини, треба да се базира на примена на активни методи. Учениците најдобро учат преку искуства и реални ситуации, со практикување на животни вештини. Од особена важност за процесот на учење е улогата на наставникот – реализатор. Неговата улога, во *образование за животни вештини*, е да го овозможи и насочи процесот на стекнување животни вештини од страна на учениците, а не само пренесување на вештините. Стекнување на животни вештини, од страна на учениците, претставува соодветен начин на однесување во определени ситуации. Методите на активна настава, користени при усвојување содржини од другите наставни предмети, се прилагодени при поучување за животните вештини.

Најчесто користени методи на поучување во образование за животни вештини се следните:

а) дискусија со цела група

б) рабни групи

в) анализа на приказни / текстови

г) цртање

д) анализа на ситуации

ѓ) демонстрации и симулации

е) игровни активности

ж) глумење и играње улоги

Секоја од методите на поучување во *образование за животни вештини* има свои специфики. Некои придобивки за секоја од методите на поучување, во образование за животни вештини што се применуваат во основното образование, се дадени во продолжение.

*Дискусија со цела група* претставува метод што иницира размена на мислења меѓу учениците. Тие стекнуваат вештини за комуницирање и меѓусебно помагање. Оспособувањето на учениците за извлекување заклучоци и почитување на правилата за однесување, претставува дополнителна придобивка.

Методот на поучување со активности во *работни (мали) групи* овозможува оспособување за искажување на лични мислења и споделување искуства. Главна придобивка е оспособување за меѓусебно почитување и соработка со врсниците.

*Анализа на приказни / текстови* претставува метод на поучување преку поврзување со случувања од секојдневието. Ова е применлив метод за поучување на сите возрасни групи ученици. Анализата на приказни помага за развивање комуникациски вештини (слушање, зборување, пишување), но го поттикнува и развојот на детската фантазија.

*Цртање* (или примена на други ликовни техники – моделирање, колаж и слично) претставува средство за изразување на личниот став и мислење. Со овој метод на поучување се поттикнува креативното мислење и способноста за пренесување информации.

*Анализа на ситуации* е поттикнување на учениците на алтернативно однесување. Методот обезбедува поучување на учениците од ситуации произлезени од реалноста.

*Демонстрации и симулации* е метод на поучување, што овозможува полесно оспособување на учениците за поврзување на апстрактното знаење со конкретни ситуации од реалноста. Овој метод има придонес во развивањето практични вештини, подобра перцепција и поттик на логичко размислување.

Забавен начин на воведување во тема за проучување претставуваат *игровните активности.* Тие овозможуваат олеснување на процесот на запомнување пораки и активно учество на сите ученици, без оглед на нивните афинитети. Дополнителна придобивка, од овој метод на поучување, е придонесот за развивање самодоверба кај учениците.

*Глумење и играње улоги* е метод на поучување што има придонес за развивање на сите видови комуникациски вештини. Преку драматизации се овозможува проширување на знаења и вештини, од другите наставни предмети. Учениците се поттикнуваат за развивање на способноста за размислување и одлучување.

Во текот на часовите на одделенската заедница се практикува примена на некоја (или комбинација од повеќе) од методите на поучување во *образование за животни вештини.* Притоа, учениците треба да имаат доволно време и мотивација за реализација на предвидените активности за развој на животни вештини. Улогата на методите на поучување во *образование за животни вештини* може да се согледа во обезбедување на:

- активност и учество на сите ученици
- подобрена комуникација на релација наставник - ученик и ученик - ученик
- динамична повратна информација
- способност за лично преиспитување
- толеранција меѓу учениците – врсници
- разбирање и почитување на мислењето на другите
- подготвеност за соработка
- релаксирачка атмосфера во паралелката
- изведба на наставата преку *работилници*
- активности за учење и поучување, со можност за примена и во други наставни предмети.

Наставната програма по *образование за животни вештини* има за цел да придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. Со своите содржини ги оспособува учениците за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот. Оваа наставна програма нуди можност за флексибилен приод во реализација на целите, според животни ситуации. Активностите, за реализација на содржините од *образование за животни вештини*, претставуваат спој меѓу традиционалното образование и современите начини на образование.

Наставната програма овозможува обработка на содржините според нивната распореденост по тематски целини, но со дефинирани различни: пристап, цели, нивоа и очекувања. Изборот на содржини соодветно на возраста на учениците, го прави наставникот. Реализацијата на активностите се врши во соодветно на поставените цели, а во согласност со знаењата, вештините и ставовите кои треба да се реализираат преку колективните искуства на учениците. Искуствата покажуваат дека во наставната пракса, најдобар ефект од реализација на содржините од животни вештини даваат активностите што овозможуваат интеграција на содржините од *образование за животни вештини* со содржините што се изучуваат по другите наставни предмети.

Реализацијата на активностите, од образование за животни вештини, се врши со примена на различни методи и форми на работа. Од особена важност за успешна реализација на активностите се иновативните аспекти на образованието за животни вештини, според кои:

- *Образованието за животни вештини* се базира на основната поставка дека стекнувањето животни вештини е право на секое дете. Според тоа, овој вид образование е соодветно на потребите на децата од сите возрасни групи. Според содржината, *образованието за животни вештини* одговара на реалните предизвици од секојдневниот живот на децата.

- *Образованието за животни вештини* е насочено кон внесување промени во однесувањето на учениците на непосреден начин. Во текот на изучување на содржините поврзани со животните вештини, учениците се стекнуваат со определени знаења, ставови и вештини што им помагаат во секојдневниот живот.

- *Образованието за животни вештини* им дава на учениците поддршка во изборот и практикувањето на здраво живеење.

- *Образованието за животни вештини* им дава на учениците можност за активно учество во процесот на *претворање на знаењето во однесување*.

Учениците, живеејќи во време на интензивен техничко-технолошки развој, преку *образованието за животни вештини* имаат можност за стекнување способности и ставови, преку поинаков начин на учење. Активностите, од *образование за животни вештини,* што се реализираат во основното училиште овозможуваат трансфер на знаења и информации, во способности и ставови. При овој процес на учење, посебен белег на наставата остава и карактеристиката за неоценување на стекнатите знаења и способности на учениците, од страна на наставниците. На овој начин се остварува: поголем интерес кај учениците за содржините поврзани со животни вештини, достапност на научното подрачје кон сите ученици без оглед на нивните афинитети и способност за учење.

## 3.5. Активности од образование за животни вештини

Со наставната програма на *образование за животни вештини* се конкретизирани тематските подрачја, предвидени за обработка на часовите на одделенската заедница. За секоја тема се конкретизирани предлог активности како можност за реализација на планираните содржини.

За секоја содржина од темата се планираат *работилници,* кои имаат соодветна структура. Постои можност секоја од содржините да се обработи со планирање на активности втемелени на наставните цели и задачи. Соодветно на комплексноста на темата за обработка се планираат активности, форми и методи за реализација на содржините. За содржината на секоја работилница се планираат воведна и главна активност, со нивно развивање во дискусија со соодветен заклучок.

*Воведната активност* претставува вовед на учениците во темата на работилницата и овозможува создавање позитивна работна атмосфера. *Главната активност* обезбедува постигнување на поставените цели и очекуваните исходи. Во текот на оваа активност учениците добиваат можност да ги стекнат бараните знаења, вештини и ставови преку искуствено учење. *Дискусијата* поттикнува на размена на

впечатоци и мислења од главната активност. Дискусијата секогаш овозможува заклучоците да кореспондираат на целите и исходите од активноста. Заклучоците секогаш овозможуваат насочување на наставникот кон конкретните сознанија кон кои се стремат при реализација на активностите.

## 3.5.1. Планирање на активности од животни вештини

Сите активности што се реализираат во рамките на воспитно-образовниот процес во основното училиште, а се однесуваат на образованието за животни вештини, се во согласност со поставените цели од наставната програма за животни вештини. Активностите се планираат во рамките на наставен час, со времетраење од четириесет минути. Содржините од областа на *образование за животни вештини* се реализираат во рамките на часовите на одделенска заедница, со вкупен годишен фонд на часови - 36. Особено важни предуслови при планирање на содржини од животни вештини се: возраста на популацијата на која се однесуваат содржините, нивото на знаења и способности на учениците, како и условите за реализација на активностите.

Основа за севкупното планирање на содржини и активности, како и за други наставни предмети, е глобалното (годишно) планирање. Годишното планирање го изработува наставникот – реализатор на наставата по животни вештини. Реализација на наставата по *образование за животни вештини* во одделенска настава е одделенскиот наставник, а во предметна настава таа улога ја има одделенскиот раководител. Како основа за годишното планирање се користи наставната програма на *образование за животни вештини.*

Според концепциската поставеност, наставната програма овозможува флексибилност при реализација на целите и овозможува добивање одговори за потребите на учениците и актуелните ситуации. Секако притоа, од особена важност е компетентноста на наставникот – реализатор. Улогата на наставникот, при планирањето на содржините од образование за животни вештини, пред се е насочена кон соодветна примена на содржината од наставната програма. Наставната програма, во основното образование, опфаќа три развојни периоди. Секој развоен период опфаќа

по три одделенија. За секој развоен период се предвидени пет тематски подрачја. За секоја тема се дефинирани различни наставни цели и очекувани исходи. Тематските планирања се изработуваат соодветно на тематските цели. Планирана е реализација на содржини од сите тематски подрачја со сите возрасни групи, но дефинирани на различни нивоа на сложеност на содржините. При планирањето наставникот – реализатор на наставата по животни вештини, според наставната програма и дадените наставни цели, изработува тематски плнирања. Наставните цели, содржини и активности кои се содржат во тематските планирања, заедно со нивоата на нивна сложеност, ги избира наставникот. Структурата на планираната содржина зависи од: возраста на учениците; нивото на нивно знаење, способности и афинитети; актуелни состојби во паралелката и опкружувањето; условите за работа; како и компетентноста и објективноста на наставникот.

Следа фаза во планирање на содржините е изработка на дневни (оперативни) планирања за часовите. Во рамките на ова планирање се врши подготовка на сите предуслови неопходни за успешна реализација на содржините. За *образованието за животни вештини* од посебна важност е изборот на активноста за реализација на содржините, како и методите преку кои таа се реализара. Се планираат и применуваат различни форми на работа на часовите. При реализација на наставниот процес се настојува постигнување на поставените, однапред дефинирани, цели на часот (со можност за нивно проширување и дополнување). Од посебна важност е, планирањето на активностите за наставата по животни вештини, да овозможи развивање на интересот и афинитетите на учениците. Секако дека конечниот стремеж на наставата е постигнување на поставените основни цели со овој вид настава, а тоа е: поддршка на учениците во стекнување определени знаења, ставови и вештини кои им помагаат да одговорат на реалните предизвици од секојдневниот живот

И при планирање на содржините од *образование за животни вештини*, како и при подготовка на планирање за произволен наставен предмет, важи правилото дека само соодветно планирани содржини и активности на наставните часови можат да ги постигнат поставените наставни цели.

### 3.5.2. Форми на реализација на активности од животни вештини

Една активност од *образование за животни вештини* може да биде успешна, само ако е претходно добро испланирана и се обезбедени сите предуслови за нејзина реализација. Од особена важност се формите и методите за реализација на активностите од животни вештини, во рамките на наставниот процес.

Според дидактичко-методичките препораки, дадени во наставната програма за *образование за животни вештини*, акивностите и содржините по животни вештини се реализираат со примена на „јас-концептот". Тоа може да се забележи и преку начинот на именување на тематските подрачја. Всушност, сите содржини се распоредени во пет тематски подрачја, а секое подрачје е насловено почнувајќи со заменката „ јас". Овој податок, го иницира начинот на реализација на содржините од животни вештини, вклучително и изборот на форми и методи.

Формите за реализација на содржините и активностите од образование за животни вештини ги избира наставникот, во некои случаи по предлог и со учество на учениците. При тој избор, наставникот поаѓа од поставените цели и нивото на сложеност за нивна реализација. Во зависност од капацитетот и условите за работа во паралелката, наставникот одлучува за изборот на нивото на сложеност на содржините од животни вештини, почнувајќи од: ниво на препознавање, опишување, именување, набројување и споредување; па се до нивото на осознавање и заземање ставови и мислења. По завршување на планирање на содржините, наставникот ја конкретизира формата и структурата на реализација на содржините. Најчесто, содржините и активностите од животни вештини се реализираат преку т.н. работилници. Предлог со изработени работилници, за секоја од планираните содржини со наставната програма за животни вештини има објавено Бирото за развој на образованието, под наслов „Прирачник за образование за животни вештини за основно образование", (2008).

Секоја работилница овозможува реализација на планираните содржини и активности од животни вештини. Реализацијата на активностите во секоја работилница е планирано да се направи по фази. Според структурата на една работилница, формата на реализација на содржините може да се изведува во шест фази: воведна активност, главна активност, дискусија, заклучок, завршна активност и рефлексија. ***Воведната***

*активност* се реализира за мотивирање на учениците за активно учество во активностите на часот. Оваа фаза дава вовед во темата на конкретната работилница. *Главната активност* е фаза што обезбедува постигнување на поставените цели и очекуваните исходи. Во оваа фаза, на учениците треба да им се овозможи стекнување на бараните знаења, вештини и ставови, преку искуства во учењето. *Дискусијата* претставува трета фаза, како можност за поттикнување на размена на впечатоци и мислења од главната активност.

*Заклучокот* претставува фаза во која треба да се резимира за наученото во текот на часот. Во оваа фаза, од особена важност е улогата на наставникот – реализатор. Тој ги насочува учениците во дискусијата, за да можат посамостојно и активно да учествуваат во дефинирање на заклучоците од часот. Најчесто заклучоците од реализација на содржините, соодветствуваат на поставените цели од наставниот час, (без оглед на применетата форма за реализација на содржините на часот). *Завршната активност* претставува фаза што ги раздвижува учениците по дискусијата. Оваа фаза на изведување на работилницата, претставува можност за завршување на работилницата со позитивни чувства. *Рефлексијата* претставува последна фаза во изведувањето на работилница за животни вештини. Оваа фаза обезбедува можност за резимирање на наученото на часот и негово поврзување со секојдневниот живот. Улогата на рефлексијата е, да ги поттикнува учениците на размислување за тоа што доживеале и разбрале од содржините реализирани на часот. Повисока цел на оваа фаза е оспособување на учениците за примена на наученото во секојдневието.

Структурата на работилниците за животни вештини се создава преку реализација на горе споменатите шест фази. Од посебна важност за сите содржини и активности што се реализираат, се исходите од реализираната активност. Без оглед на применетата форма за реализација на активностите за животни вештини, секогаш треба исходите да бидат соодветни со наставните цели за дадена наставна содржина, дефинирани во рамките на наставната програма за образование за животни вештини.

Сите фази на изведување на работилница за животни вештини се распоредени во циклично. Нивната редоследност е дадена на следниот приказ (слика 1).

# Фази на изведување работилница




***Слика 1.*** *Фази на изведување работилница за животни вештини*

### 3.5.3. Вреднување на активности од образование за животни вештини

*Образованието за животни вештини* е насочено кон внесување промени во однесувањето на учениците, со основна цел - да придонесе кон нивниот личен и социјален развој. Процесот на стекнување на знаења и вештини, не треба да се смета за процес кој може / треба да се издвои од секојдневното битисување на ученикот.

Напротив, со програмата за *образование за животни вештини* е предвидено: процесите на учење и стекнување способности, знаења и рутини да претставуваат интегриран дел од воспитно-образовниот систем. Процесот на стекнување и практикување на стекнатите способности да се одвива првенствено во секојдневниот училиштен живот. Така организиран процес на учење подразбира можност, учениците да ги прошируваат сопствените сознанија и да стекнуваат нови, преку личните и колективни искуства на своите врсници. Процесот на поучување за животни вештини се реализира преку примена на партиципативни методи на учење, кои ученикот го ставаат во улога на активен чинител во образовните процеси. Овој однос кон учењето претставува надградба за активната настава и сите други проектни активности во рамките на основното образование, што се применуваат во нашиот образовен систем, а резултираат со подобрување на квалитетот на стекнати знаења и способности кај учениците.

Оценувањето, како вреднување на стекнатите знаења и способности кај учениците, во *образованието за животни вештини* отсуствува. За разлика од другите наставни предмети, за кои учениците добиваат оценки (описни и / или бројчани), за животни вештини тие не добиваат оценка. Но, ова не значи дека за овој вид активности, не се вреднуваат постигнувањата на учениците. Постигањата на учениците во текот на наставата, наставникот редовно ги следи и вредува, иако за тоа не им пишува оценка. Обврска на наставникот, во рамките на воспитно-образовниот процес, е континуирано следење на активностите на учениците и од *образованието за животни вештини*. Вреднување на постигањата на учениците и прибирање на показатели за нивните активности и ангажираност, се само дел од задолженијата на наставникот. Наставникот континуирано ја следи: активноста на учениците на часовите, нивната посветеност во работата и оспособеноста за активно учество во тимската работа. Сите собрани

„докази" за секој ученик, од овие и слични активности наставникот ги чува во ученичкото досие. Досието за секој ученик претставува збирка на документираност за личниот, социјален, образовен и емоционален развој на секој ученик.

Овие активности на наставникот ја прават неговата улога во воспино-образовниот процес уште покомплексна. Затоа, при планирање на содржини и активности од *образование за животни вештини*, како и при нивната реализација наставникот ги избира содржините и ја координира нивната реализација. Од посебна важност е изборот на содржини да биде соодветен на: возраста на учениците, нивниот капацитет, актуелни случувања во паралелката – училиштето –опкружувањето, како и интересите и афинитети на учениците. Создавањето на позитивна атмосфера на часовите може да влијае и да го подобри / зголеми интересот за учење и стекнување нови сознанија кај учениците.

Иако не се пишуваат оценки за животни вештини, сепак процесот на вреднување на активностите на учениците има особено голема важност и влијание врз формирање на нивниот карактер. Успешно реализирани содржини од животни вештини можат директно да придонесат за развивање на комуникациските способности кај учениците и добра интеракција во паралелката.

## 3.6. Специфики во реализација на содржини од програмата за животни вештини

Со новиот Закон за основно образование (Сл. весник, број 103, 2008) е предвидено да се реализираат содржини и активности за развој на психосоцијалните вештини кај учениците. Реализацијата на овие содржини и активности е предвидена во рамките на часовите на одделенската заедница, за сите возрасни групи од основното училиште.

Содржините и активностите што овозможуваат развој на вештини кај учениците, е испланирано да се реализираат според наставната програма за *образование за животни вештини*, подготвена од Бирото за развој на образование (2008). Оваа програма, според својата содржина, претставува наставна програма како за секој друг наставен предмет. Наставната програма опфаќа три развојни периоди, со по три одделенија (прв период – прво, второ и трето одделение; втор период – четврто, петто и шесто одделение; трет период – седмо, осмо и деветo одделение). Ваквата концепциска поставеност на наставната програма овозможува флексибилност при реализација на целите и одговор на потребите на учениците и актуелните ситуации. Специфично е повторувањето на истите пет тематски подрачја за обработка по образование за животни вештини. Планирана е реализација на содржини од сите програмски подрачја со сите возрасни групи, но дефинирани на различни нивоа. Разликуваме неколку нивоа на сложеност при реализација на содржините и тоа: од ниво на препознавање, опишување, именување, набројување и споредување; па се до нивото на осознавање и заземање ставови и мислења. За обработка се планирани содржини од следните теми:

- Јас – Личен развој
- Јас и ти – Интерперсонални односи
- Јас и другите – Општествени односи
- Јас и здравјето – Здраво живеење
- Јас и околината – Однос со надворешната средина

За секоја тема се дефинирани различни наставни цели и очекувани исходи. На почетокот на учебната година се изработува глобално годишно планирање, а потоа од него се прават другите планирања, почнувајќи од тематски планирања, па се до

оперативни планови за наставните часови. Тематските планирања се изработуваат соодветно на тематските цели.

Покрај тематските цели, за секоја од содржините одделно се дефинирани наставни цели. На тој начин се дефинираат очекуваните исходи и резултати, наспроти дадените „инпути". Во рамките на наставната програма е направено дефинирање и на развојните цели. Но развојните цели се разликуваат за секој период на образование е не се конкретизирани на ниво на одделение. За реализација на целите од програмата за образование за животни вештини потребно е нивно практикување во рамките на секојдневниот училиштен живот. Реализација на целите може да се оствари и преку личните и колективни искуства на учениците.

Според наставната програма за животни вештини, планирано е реализација на наставните содржини да се врши на часовите на одделенска заедница, значи со вкупен годишен фонд од 36 наставни часови. Исклучок претставува само начинот на реализација на содржините од *образование за животни вештини* во прво одделение. Во прво одделение, содржините од животни вештини се усвојуваат како интегрирани содржини, заедно со содржините од другите наставни предмети. Нивото на сложеност е соодветно на возраста на учениците.

Со наставната програма од *образование за животни вештини* покрај наставните цели, се дефинираат: содржините за изучување, поими за усвојување, како и активности и методи за реализација. Посебен дел од програмата претставуваат: дидактичките препораки за реализација на содржините, опис на начинот на вреднување на постигањата на учениците, просторните услови за реализација и нормативот за наставен кадар. На крајот од наставната програма се дадени очекуваните цели, но за крајот на развојниот период. Дефинитивно, на крајот на наставната програма следува списокот на лицата од стручниот тим кој ја подготвил програмата.

При реализација на содржини и активности, планирани со наставната програма, во фокусот на *образованието за животни вештини* се наоѓа утврдувањето и стекнување на практични знаења, како и развој на вештините. Преку образование за животни вештини учениците имаат можност да го утврдат своето знаење, но и да го прошират со нови знаења од сите области на живеење. Од особена важност се: можноста за стекнување искуствени знаења, учење преку приказни и развивање на

интерес кај учениците за истражувачки постапки. Реализацијата на сите наставни активности е однапред испланирана, а се реализира соодветно на можностите и капацитетот на паралелката во рамките на училиштето. Преку *образованието за животни вештини* во основното училиште, на учениците им се овозможува интелектуален и емоционален развој. Учениците имаат можност за промовирање на позитивните вредности, како и примена на животните вештини за задоволување на некои конкретни реални потреби. Создавање и негување на животни вештини кај учениците претставува проширување и збогатување на традиционалното образование и семејното воспитување со нови содржини. Преку развивање на комуникациски и интерперсонални вештини учениците стекнуваат умешност за полесно соочување со сите предизвици на современото живеење.

Стекнатите знаења и способности, преку *образование за животни вештини*, на учениците им овозможуваат активен пристап кон проблемите и предизвиците и надвор од наставниот процес. Кај учениците, развивањето на социјалниот аспект на животните вештини, може да влијае на јакнење на чувството на припадност кон заедницата и поедноставно решавање на социјални притисоци. Менаџирање на слободното време претставува рефлексија од организаторските способности кои можат да ги стекнуваат и развиваат учениците, преку овој вид содржини. Учениците се чувствуваат подготвени и способни за полесно препознавање и негување на сопствените афинитети и потреби. Реализацијата на активности од животните вештини овозможува поголема умешност кај учениците, и при соочување со предизвиците за решавање проблемски ситуации. Комплекноста на проблемите што се решаваат, како и потребата од донесување одлуки во тој процес овозможуваат развој на когнитивните функции кај учениците. Содржините од *образование за животни вештини* се осмислени на начин што овозможува: претпоставките да се постават, проверат и направат реалност; имплицитното да се направи експлицитно; да се дефинира „очекувањето" и да се следи неговиот развој и случување.

Крајна цел и задача, на *образованието за животни вештини*, претставува овозможување на учениците да бидат активни учесници во рамките на воспитно-образовниот процес, преку кој ќе се оформуваат во здрави и одговорни личности.

### 3.6.1. Реализација на образование за животни вештини во одделенска настава

*Образованието за животни вештини* подразбира реализација на содржини, според наставната програма, согласно со планираните наставни цели. Една од примарните карактеристики, при реализација на содржините, се однесува на возрасната група ученици со кои се практикуваат содржините.

Во основното училиште разликуваме два периди во текот на образовниот процес: одделенска настава (од прво до петто одделение) и предметна настава (од шесто до деветто одделение). Во одделенска настава координатор на активностите за животни вештини е одделенскиот наставник. Време на реализација претставуваат часовите на одделенската заедница, еден час седмично. Вкупниот годишен фонд на часови изнесува 36. Исклучок претставува, начинот на реализација на содржините од животни вештини со учениците од прво одделение. Со оваа возрасна група ученици, наставникот реализира содржини од животни вештини интегрирани со наставните содржини од другите наставни предмети, што ги изучуваат.

Реализацијата на планираните содржини од животни вештини се врши според направени планирања (годишно, тематско, дневно). Наставните цели, содржани во наставната програма, претставуваат основа при планирање на активностите и содржините. Наставните цели за животни вештини се дадени во наставната програма, по т.н. образовни периоди. Периодот на деветгодишно основно образование е поделен на три образовни периоди. Првиот период ги опфаќа возрасните групи од прво, второ и трето одделение. Вториот образовен период претставува „пресек" меѓу одделенска и предметна настава. Ги опфаќа: четврто, петто и шесто одделение. Тоа е особено сензитивен период во развојот на секое дете. Промените кај личноста на ученикот, се надополнуваат со карактеристиките на започнување на периодот на пубертет.

Образованието за животни вештини овозможува оспособување на ученикот за олеснето минување низ периодот на себеспознавање. Преку содржините од животни вештини ученикот добива можност за дополнително информирање. Почнувајќи од најмалата возраст, ученикот може да стекнува сознанија за сопствените емоции, да

гради позитивна слика за себе и да ја открива својата улога и припадност во општеството. Реализацијата на активностите во одделенска настава овозможува забрзување на личниот развој на ученикот. Информирањето за правата на детето, градење позитивен однос кон средината (луѓе, растенија и животни), како и стекнување на здрави навики и грижа за хигиената – претставуваат поттик на секој ученик за реализација на поставените цели. Со зголемување на возраста, ученикот има можност за прием и анализа на неформални информации и развој на истражувачки вештини.

Карактеристична, за овој период од развојот на личноста на ученикот, е потребата од давање поддршка во стекнување определени знаења, ставови и вештини. Внесувањето промени во навиките и однесувањето на ученикот, преку стекнување на животните вештини, овозможува нов квалитет во секојдневните активности на ученикот. За возрасниот период од одделенска настава, од посебна важност е давање целосна поддршка во изборот и практикувањето на здраво однесување и живеење.

При реализација на наставните содржини учениците се стремат за реализација на поставените цели, кои овозможуваат раст во зрели, одговорни и активни личности во граѓанско општество.

### 3.6.2. Реализација на образование за животни вештини во предметна настава

Со Законот за основно образование (Сл. весник број 103, 2008) е предвидено да се реализираат содржини и активности за развој на психосоцијалните вештини кај учениците. Реализацијата на овие содржини и активности е предвидена во рамките на часовите на одделенската заедница, за сите возрасни групи од основното училиште, што значи и во предметна настава.

Содржините и активностите што овозможуваат развој на вештини кај учениците, е испланирано да се реализираат според наставната програма за образование за животни вештини, подготвена од Бирото за развој на образование (2008) за предметна настава. И оваа програма, според својата содржина, претставува наставна програма како и за одделенска настава. Наставната програма ги опфаќа трите развојни периоди, со по три одделенија. Ваквата концепциска поставеност на наставната програма овозможува флексибилност при реализација на целите и одговор на потребите на учениците и актуелните ситуации. Специфично е повторувањето на истите пет тематски подрачја за обработка по образование за животни вештини, како и во одделенска настава. Планирана е реализација на содржини од сите програмски подрачја со сите возрасни групи, но овие содржини се дефинирани на различни нивоа. Разликуваме неколку нивоа на сложеност при реализација на содржините и тоа: од ниво на препознавање, опишување, именување, набројување и споредување; па се до нивото на осознавање и заземање ставови и мислења. За обработка се планирани содржини од следните теми, исти како и за одделенска настава:

- Јас – Личен развој
- Јас и ти – Интерперсонални односи
- Јас и другите – Општествени односи
- Јас и здрвјето – Здраво живеење
- Јас и околината – Однос со надворешната средина

За секоја тема се дефинирани различни наставни цели и очекувани исходи. И во предметна настава, на почетокот на учебната година се изработува глобално годишно планирање, а потоа од него се прават другите планирања, почнувајќи од тематски

планирања, па се до оперативни планови за наставните часови. Тематските планирања се изработуваат соодветно на тематските цели.

Покрај тематските цели, за секоја од содржините одделно се дефинирани наставни цели. На тој начин се дефинираат очекуваните исходи и резултати, наспроти дадените „инпути". Во рамките на наставната програма е направено дефинирање и на развојните цели. Но развојните цели се разликуваат за секој период на образование е не се конкретизирани на ниво на одделение. Развојните цели за предметна настава имаат повисоко ниво на сложеност од целите во одделенска настава, односно од првите два периоди. За реализација на целите од програмата за образование за животни вештини потребно е нивно практикување во рамките на секојдневниот училиштен живот. Реализација на целите може да се оствари и преку личните и колективни искуства на учениците.

Според наставната *програма за животни вештини,* планирано е реализација на наставните содржини да се врши на часовите на одделенска заедница, значи со вкупен годишен фонд од 36 наставни часови. Нивото на сложеност е соодветно на возраста на учениците.

Со наставната програма од образование за животни вештини покрај наставните цели, се дефинираат: содржините за изучување, поими за усвојување, како и активности и методи за реализација. Посебен дел од програмата претставуваат: дидактичките препораки за реализација на содржините, опис на начинот на вреднување на постигањата на учениците.

При реализација на содржини и активности, планирани со наставната програма, во фокусот на образованието за животни вештини се наоѓа утврдувањето и стекнување на практични знаења, како и развој на вештините. Преку образование за животни вештини учениците имаат можност да го утврдат своето знаење, но и да го прошират со нови знаења од сите области на живеење. Од особена важност се: можноста за стекнување искуствени знаења, учење преку приказни и развивање на интерес кај учениците за истражувачки постапки. Реализацијата на сите наставни активности е однапред испланирана, а се реализира соодветно на можностите и капацитетот на паралелката во рамките на училиштето. Преку *образованието за животни вештини* во основното училиште, на учениците им се овозможува интелектуален и емоционален

развој. Учениците имаат можност за промовирање на позитивните вредности, како и примена на животните вештини за задоволување на некои конкретни реални потреби. Создавање и негување на животни вештини кај учениците претставува проширување и збогатување на традиционалното образование и семејното воспитување со нови содржини. Преку развивање на комуникациски и интерперсонални вештини учениците стекнуваат умешност за полесно соочување со сите предизвици на современото живеење.

Стекнатите знаења и способности, преку образование за животни вештини, на учениците им овозможуваат активен пристап кон проблемите и предизвиците и надвор од наставниот процес. Кај учениците, развивањето на социјалниот аспект на животните вештини, може да влијае на јакнење на чувството на припадност кон заедницата и поедноставно решавање на социјални притисоци. Менаџирање на слободното време претставува рефлексија од организаторските способности кои можат да ги стекнуваат и развиваат учениците, преку овој вид содржини. Учениците се чувствуваат подготвени и способни за полесно препознавање и негување на сопствените афинитети и потреби. Реализацијата на активности од животните вештини овозможува поголема умешност кај учениците, и при соочување со предизвиците за решавање проблемски ситуации. Комплекноста на проблемите што се решаваат, како и потребата од донесување одлуки во тој процес овозможуваат развој на когнитивните функции кај учениците. Содржините од *образование за животни вештини* се осмислени на начин што овозможува: претпоставките да се поставаат, проверат и направат реалност; имплицитното да се направи експлицитно; да се дефинира „очекувањето" и да се следи неговиот развој и случување.

Крајна цел и задача, на *образованието за животни вештини*, претставува овозможување на учениците да бидат активни учесници во рамките на воспитно-образовниот процес, преку кој ќе се оформуваат во здрави и одговорни личности

## 3.7. Предлози за идни активности со животни вештини

*Образованието за животни вештини* овозможува поголема кохезија меѓу образованието и воспитанието, како компоненти од воспитно-образовниот систем. При реализација на содржините за животни вештини преку примена на работилници, постои можност за анализа на фазите *рефлексија* и *заклучок*. На тој начин може да се „направи увид” меѓу наученото и желбата „нешто” да се научи. Посебно е важна свесноста за стекнатите знаења и вештини, а особено способноста за нивна практична примена.

Цикличната структура на курикулумот, што го следи основното образование како целина, овозможува двоен квалитет за развојот на ученикот, како личност. Курикулумот овозможува од една страна континуиран развој на научната мисла, а од друга страна индивидуален развој на ученикот, според сопствениот капацитет. Можеби, во иднина би можеле содржините за тематските подрачја да се прошират или дополнат. Во таа насока, сметам дека почетните конкретни „проширувања” на тематските подрачја би можеле да бидат соодветни (или слични) со тематските подрачја за основно образование, дефинирани според Светската здравствена организација. Според таа структура образованието за животни вештини располага со содржини распоредени во десет тематски подрачја:

- Свест за себе
- Емпатичност
- Комуникациски вештини
- Интерперсонални вештини
- Вештини за донесување одлуки
- Вештини зарешавање приблеми
- Креативно мислење
- Критичко мислење
- Справување со емоции
- Справување со стрес

Ова не треба да се смета како можност за дополнителен квалитет на образованието „сам по себе”, туку како предизвик за создавање нови генерации способни за практикување на образование базирано на животни вештини.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се ***воспитните аспекти на програмата за животни вештини во основното училиште.***

Воспитанието и образованието претставуваат комплементарни педагошки и општествени функции. Промените во општественото опкружување претставуваат промени кои се рефлектираат и во образованието. Големата брзина на пренос на информации и промените во системите на вредности претставуваат нови предизвици и пред образовниот систем. Процесот на образование подразбира пренесување на акумулираните знаења, вештини, ставови и вредности, од една на друга генерација.

Според Концепцијата за деветгодишно основно образование (2005), почнувајќи од учебната 2006/2007 година на *одделенските часови* во основните училишта се изучуваат содржини од „Образование за животни вештини”. За овој вид образование, содржините се планираат и реализираат според наставни програми за *Образование за животни вештини.* Преку усвојување на предвидените содржини, учениците имаат можност за обука во суштинските животни вештини. За стекнатите знаење, способности и вештини учениците не се оценуваат. Програмата *Образование за животни вештини* претставува можност учениците да ги прошируваат стекнатите знаења од редовната настава (преку задолжителните и изборни предмети) и оспособување за нивна практична примена.

Во текот на наставниот процес во основното училиште, не изостанува и воспитната функција. Воспитната компонента во наставата е интегрирана низ образовните содржини. Предмет на ова истражување е анализа на воспитните аспекти во рамките на *образование за животни вештини.*

Со самата определба, да се проучува воспитниот аспект во образованието за животни вештини во основно училиште, се јавува употреба на клучни поими кои упатуваат кон предметот на истражување.

## 2. Дефинирање на основните поими

- **Животни вештини** - поим што означува група психо-социјални вештини, со цел да придонесат за личен, емоционален и социјален развој на учениците. Тоа се вештини со кои учениците си обезбедуваат физичка, ментална и социјална добросостојба.

- **Програма за образование за животни вештини** е наставна програма за содржините што се реализираат на часот на одделенската заедница, а се однесуваат на образованието за животни вештини. Оваа програма содржи: наслови на програмските подрачја, нивните цели, содржини, активности и методи.

-**Воспитување** на личноста на ученикот - поим што значи насочување на личноста во процесот на раст и развој. Поимот е дефиниран во поширока смисла на зборот.

-**Основно училиште** – поим што означува воспитно-образовна институција во која се реализира настава за основно образование. Наставата се реализира согласно со Законот за основно образование.

## 3. Цел и карактер на истражувањето

### Цел на истражувањето

Да се испита степенот на влијание на *образованието за животни вештини* кај учениците во одделенска настава во јакнење и развивање на воспитната функција на наставата во училиштето.

### Карактер на истражувањето

Ова истражување е квантитативно применето современо истражување. Истражувањето подразбира вклученост и активно учество на наставници и ученици од седум основни училишта

## 4. Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето се конкретизира низ следните задачи:

- Да се испита степенот на реализацијата на содржините по животни вештини во одделенска настава.
- Да се испитаат мислењата и ставовите, на наставниците во одделенска настава, за влијанието на содржините по животни вештини врз личниот развој на учениците.
- Да се испита влијанието на образованието за животни вештини врз подобрување на комуникациските способности на учениците во основното образование.
- Да се утврди влијанието на животните вештини врз интерперсоналните односи меѓу учениците во основните училишта.
- Да се испита влијанието на искуственото учење, од содржините по животни вештини, врз способноста на учениците за решавање проблемски ситуации во наставата.
- Да се испитаат мислењата и ставовите на наставниците во одделенска настава, како животните вештини влијаат на емоционалниот развој на учениците.
- Да се утврди, кај учениците во основно образование, како образованието за животни вештини овозможува развивање на критичко мислење.
- Да се испитаат ставовите и мислењата, на наставниците од одделенска настава, за влијанието на образованието за животни вештини врз еколошката свест на учениците.
- Да се утврдат навиките за здраво живеење кај учениците од основно образование.
- Да се провери кој е најчесто применуван метод на работа на одделенските часови, за ефикасно поучување за животни вештини.

## 5. Хипотези

**Општа хипотеза** *согласно предметот, целта и задачите на истражувањето*:

| |
|---|
| Програмата за образование за животни вештини кај учениците во основно училиште овозможува јакнење и развивање на воспитната функција на наставата. |

**Посебни хипотези:**

1. Содржините по животни вештини во одделенска настава се реализираат во целост, соодветно на планирањето.
2. Содржините по животни вештини позитивно влијаат врз личниот развој на учениците во основното образование.
3. Животните вештини влијаат врз подобрување на комуникациските способности на учениците во основното образование.
4. Образованието за животни вештини има позитивно влијание врз интерперсоналните односи меѓу учениците во основните училишта.
5. Искуственото учење, од содржините по животни вештини, ја зголемува способноста на учениците за решавање проблемски ситуации во наставата.
6. Содржините по животни вештини позитивно влијаат врз емоционалниот развој на учениците.
7. Образованието за животни вештини кај учениците го интензивира развојот на критичко мислење.
8. Образованието за животни вештини ја зголемува еколошката свест на учениците од основно образование.
9. Учениците од основно образование имаат навики за здраво живеење.

## 6. Варијабли на истражувањето

Ова истражување има варијабли, кои го детерминираат. Варијаблите на истражувањето се групирани во две групи: независни варијабли и зависни варијабли на истражувањето.

*Независни варијабли* на истражувањето се:

- пол, работен стаж и степен на образование на наставниците;

- пол и возраст на учениците.

*Зависна варијабла* на истражувањето се – мислењата и ставовите на учениците и наставниците, за воспитната функција на програмата за животни вештини во основното училиште.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

### Методи

Во ова истражување е применет ***дескриптивнио***, ***аналитички и интерпретативен метод***.

### Техники и инструменти

За прибирање податоци во процесот на истражувањето ќе се користат повеќе постапки, техники и инструменти. Се применуваат: *техника на анкетирање, техника на скалирање и техника на анализа на содржина.* Преку овие техники треба да ги утврдиме мислењата и ставовите на наставниците и учениците во основните училишта. Користени инструменти се: *анкетни листови* и *скала на проценка*

## Опис на техниките и инструментите

Изработивме *анкетен лист (прашалник)* за наставници со прашања од затворен тип и прашања со алтернација. Со примената на овој анкетен лист го испитавме мислењето и ставовите на наставниците, по прашања што се однесуваат по нивната работа на одделенски часови со примена на содржини од програмата за образование за животни вештини: со колкава ефикасност ги реализираат планираните содржини по животни вештини во своите паралелки; кое е нивното мислење: преку содржините од образование за животни вештини да им се овозможи личен развој на учениците (преку градење самодоверба и подобрување на комуникациските способности на учениците); кои се придобивките од развојот на интерперсонални вештини кај учениците и нивното критичко мислење. Завршното прашање од анкетниот лист е од отворен тип и овозможува исказ на мислењето на наставникот за улогата и важноста на образование за животни вештини во воспитно – образовниот процес. (*Прилог 1)*

Изработивме *анкетен лист (прашалник)* за ученици од одделенска настава (од II до V одд.), што содржи 14 прашања. Од нивната содржина добивме податоци од кои може да се изведе заклучок за: начинот на реализација на содржините од образование за животни вештини на одделенските часови и можностите за активно учество на секој ученик (поодделно); проценка за оспособеноста на учениците за решавање проблемски ситуации; препознавање на емотивните состојби кај себе и другите, како и грижата за сопственото здравје и развивање на еколошката свест. *(Прилог 2)*

*Скала за проценка* на наставници и скала за проценка за ученици е дадена како *интегрален дел на прашалниците.*

Анкетните листови (прашалници) и скалата за проценка се дадени во прилог.

## 8. Популација и примерок на истражувањето

Примерокот е случаен, стратификуван. Со истражувањето се опфатени две популациони категории: наставници и ученици, и тоа од одделенска настава во основни училишта во градот Скопје. Изборот на примероци на групи наставници предвидено е да се направи со анкетирање на најмалку 50% од вработените наставници во одделенска настава во училиштата опфатени со истражувањето. Изборот на примероци на групи ученици предвидено е да се направи по случаен избор (на пример: број во дневник) со вклучување на пропорционален број ученици споредбено со нивниот вкупен број. Податоците за анкетираните ученици ги пополнуваат одделенските наставници. Со оглед на вкупниот број наставници вработени во одделенска настава во основните училишта неопходно е вклучување на поголем број училишта, во овој случај седум училишта.

Примерокот на ова истражување ги опфаќа следните субјекти:

- *примерок на наставници од одделенска настава;*

- *примерок на ученици од одделенска настава (од второ до петто одделение).*

Примерокот на наставници изнесува 100 наставници од седум основни училишта во градот Скопје, а примерокот на ученици изнесува 150 ученици. Примерокот на наставници и ученици е различен за секое од училиштата, соодветно на нивниот вкупен број. Избраните примероци соодветствуваат на целите, задачите , хипотезите и карактерот на истражувањето.

*Табела 1:* Основна структура на училиштата во кои се спроведува истражувањето

| р.бр. | Основно училиште | Место | Одделение |
|---|---|---|---|
| 1. | „Димо Хаџи Димов” | Скопје | I – V |
| 2. | „Петар Поп Арсов” | Скопје | I – V |
| 3. | „Владо Тасевски” | Скопје | I – V |
| 4. | „Христијан Тодоровски Карпош” | Скопје | I – V |
| 5. | „Вера Циривири Трена” | Скопје | I – V |
| 6. | „Лазо Трповски” | Скопје | I – V |
| 7. | „Аврам Писевски” | Скопје | I – V |

*Табела 2*: Структура на примерокот наставници

| р.бр. | Основно училиште | Наставници во одделенска настава |
|---|---|---|
| 1. | „Димо Хаџи Димов” | 28 |
| 2. | „Петар Поп Арсов” | 20 |
| 3. | „Владо Тасевски” | 18 |
| 4. | „Христијан Тодоровски Карпош” | 11 |
| 5. | „Вера Циривири Трена” | 9 |
| 6. | „Лазо Трповски” | 5 |
| 7. | „Аврам Писевски” | 9 |
| Вкупно: | | 100 |

*Табела 3*: Структура на примерокот ученици

| р.бр. | Основно училиште | Вклучени ученици од одделенска настава |
|---|---|---|
| 1. | „Димо Хаџи Димов” | 25 |
| 2. | „Петар Поп Арсов” | 25 |
| 3. | „Владо Тасевски” | 25 |
| 4. | „Христијан Тодоровски Карпош” | 25 |
| 5. | „Вера Циривири Трена” | 25 |
| 6. | „Лазо Трповски” | 25 |
| Вкупно: | | 150 |

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на наставниците

Една од целите на ова истражување е воочување на воспитни аспекти во активностите предвидени во програмата *образование за животни вештини.* Во таа смисла, ќе го анализираме мислењето на наставниците, во прилог на карактеристиките кои се однесуваат на тоа:

- колкав дел од планираните содржини по животни вештини се реализираат во рамките на наставата во основното училиште (фактичката состојба во текот на наставната практика);
- дали може да се воочи стекнување знаења, способности и вештини преку дефинирани активности од животни вештини;
- кои начини на дејствување, низ активностите на образование за животни вештини, им овозможуваат на учениците развивање на сопствените способности, соодветно на нивните афинитети и интереси;
- како учениците се оспособуваат за подобрување на меѓусебната комуникација, во тек на наставата и воннаставните активности;
- дали постои интеракција меѓу учениците;
- дали учениците, преку содржините од животни вештини, имаат можност за полесна перцепција на својот емоционален развој;
- дали учеството во активности од образование за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоциите кај учениците;
- на кој начин учениците ги користат активностите од животни вештини, за стекнување искуствени знаења;
- дали образованието за животни вештини им овозможува олеснето решавање на проблемски ситуации на учениците;
- дали образовните содржини од животни вештини го поттикнуваат развојот на критичко мислење кај учениците;
- дали учењето преку анализа и согледување на искуства (низ работилници) овозможуваат воспоставување полесна корелација меѓу реалното и апстрактното;

- каков е придонесот на содржините од животни вештини кај учениците, при создавање позитивна слика за себе и сопствените вредности;
- дали содржините од животни вештини влијаат на правата и одговорностите на учениците;
- дали содржините од животни вештини имаат влијание на еколошката свест на учениците и подобрување на нивната екокултура;
- дали животните вештини ја истакнуваат важноста од почитување на хигиенски и еколошки навики кај учениците, во и вон училиштето;
- дали содржините од образование за животни вештини на учениците им овозможуваат насочување кон нови знаења за здраво живеење;
- дали образованието за животни вештини овозможува подобрување на комуникациските способности кај учениците и формирање пријателства;
- дали процесот на спознавање разлики, меѓу способностите и интересите кај учениците, е олеснет преку содржините од програмата за животни вештини;
- дали образовните содржини од животни вештини на учениците им го олеснуваат менаџирањето на сопственото слободно време;
- дали образованието за животни вештини кај учениците влијае врз стекнување на социјалните и културни вредности;
- дали наставниците преку образованието за животни вештини стекнуваат рутина при избор на методи за работа на часовите, што обезбедуваат ефикасно поучување за животни вештини;
- каков е ставот на наставниците (опфатени со ова истражување) за инклузивниот процес на образованието за животни вештини во воспитно-образовната работа со учениците во основното училиште.

. Во овој труд, паралелно со општите табели, ќе бидат прикажани и интерпретирани податоци за зависноста на мислењето и ставовите на наставниците по одделни училишта и како заеднички показател за сите основни училишта што се дел од истражувањето. Ќе ги користиме како запис за имињата на основните училишта - иницијалите на нивните патрони. Според тоа, употребувани кратенки за имињата на основните училишта што се дел од ова истражување се:

ДХД – за ОУ „Димо Хаџи Димов”, ППА – за ОУ „Петар Поп Арсов”,
ВТ – за ОУ „Владо Тасевски”, ХТК – за „Христијан Тодоровски - Карпош”,
ВЦТ – за ОУ „Вера Циривири Трена”, ЛТ – за ОУ „Лазо Трповски”
и АП – за ОУ „Аврам Писевски”.

При анализирање на добиените податоци за фреквенции, ќе користиме и процентуални податоци, и покрај нивно отсуство во табеларните прикази. Бројната вредност на процентуалните податоци е соодветна на бројната вредност од збирната категоријата, како последователност од вкупниот број испитаници (100 наставници).

Согласно со измените во Концепцијата на деветгодишното основно образование, со наставна програма дадена од Бирото за развој на образование, е предвидена реализација на содржини од образование за животни вештини. Ова истражување ни открива дел од прашањата кои непосредно ќи ни укажат на некои специфичности и ефекти постигнати во рамките на воспитно-образовниот процес во основното училиште. Други информации, податоци и активности од реализација на наставата од областа на образование за животни вештини (во рамките на часот на одделенска заедница) во основното училиште се дадени во прилог на другите тематски подрачја од овој труд.

Бројчаните податоци, добиени по спроведените истражувачки активности, се прикажани во табеларни прикази. За подобрена прегледност, од добиените податоци, кон дадените табели се придружени и графички прикази и коментари.

Податоците кои се однесуваат на прашањето дали (и со кој степен на реализација) наставниците ги реализираат планираните содржини по образование за животни вештини, ги прикажавме во табела 1. Наставниците во основното училиште ги планираат и реализираат содржините од животни вештини. Спроведеното анкетирање на наставниците го потврдува тврдењето.

***Табела 1:*** *Степен на реализација на планирани содржини по образование за животни вештини*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Си те ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| целосно и успешно | 26 | 19 | 14 | 8 | 9 | 4 | 7 | 87 |
| делумно | 2 | 1 | 4 | 3 | 0 | 1 | 2 | 13 |
| воопшто не ги реализирам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Според добиените и прикажани податоци (табела 1) можеме да го искажеме следното согледување: Дури 87% од наставниците се имаат изјаснето дека целосно и успешно ги реализираат сите планирани содржини по образование за животни вештини. За разлика од нив, 13 наставници (соодветно со 13%, од анкетираните 100 наставници) се изјаснети дека делумно ги реализираат планираните содржини. Нема случај на изјаснување, од анкетираните наставници, дека некој воопшто не реализира содржини од животни вештини. Со оглед на обврската, на наставниците од основните училишта, за реализација на содржини од образование за животни вештини и согласно добиените податоци можеме да констатираме дека првата хипотеза се потврдува. Значи, наставниците во голем дел (87%) целосно ги реализираат планираните содржини од образование за животни вештини. Останатите 13% од анкетираните наставници делумно ги реализираат содржините, а тоа значи дека со реализација на дополнителни истражувања може да се утврдуваат и конкретните причина за овој податок. Како дел од ова истражување е фактот дека сите 13% од наставниците, кои се изјасниле дека делумно ги реализираат содржините од животни вештини, имаат работен стаж подолг од 20 години. Графички приказ на податоци, по прашањето за степенот на реализација на планирани содржини по образование за животни вештини, поодделно за секое од основните училишта е даден на следниот графикон (графикон бр.1).




***Графикон бр.1*** *Степен на реализација на планираните содржини по образование за животни вештини (по основни училишта)*

Како потврда на првата хипотеза, земајќи ја в предвид фактичката состојба во сите основни училишта, претставен е графикон со збирен приказ од добиените одговори по ова прашање (графикон бр.2). Со оглед на комплексноста на ова истражување, дел од графичките прикази дадени во продолжение, ќе укажуваат на збирните податоци добиени од истражувањето.




***Графикон бр.2*** *Степен на реализација на планираните содржини по образование за животни вештини*

Податоците дадени во табела 2. даваат приказ за мислењето на наставниците за влијанието на содржините по образование за животни вештини врз градењето самодоверба кај учениците, како дел од нивниот личен развој.

***Табела 2.*** *Мислење на наставниците дали содржините по образование за животни вештини поттикнуваат градење самодоверба кај учениците*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 26 | 19 | 14 | 7 | 8 | 2 | 8 | 84 |
| Не | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 |
| не можам да проценам | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 11 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Со оглед на добиените податоци од анкетирањето на наставниците, можеме да го изведеме следното согледување: 84% од наставници сметаат дека содржините од образование за животни вештини иницираат градење самодоверба кај учениците. Со ова мислење не се согласуваат 5% од наставниците, а другите 11% се неодлучни (немаат избрано ниту потврден, ниту одречен одговор). Можеме да заклучиме дека, релативно голем дел од наставниците имаат мислење дека содржините од животни вештини го поттикнуваат процесот на градење самодоверба кај учениците. Графички приказ на добиените сознанија по ова прашање понудивме на графикон бр.3.




***Графикон бр.3*** *Дали содржините по образование за животни вештини поттикнуваат градење самодоверба кај учениците*

***Табела 3.*** *Ставови на наставниците по прашањето на кој начин образование за животни вештини ги поттикнува учениците за изведување активности*

| Изведувањето активности кај учениците ... | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | | |
| е обврска која треба да се доврши | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 6 | 5.31% |
| секогаш причинува задоволство | 10 | 12 | 7 | 7 | 5 | 1 | 4 | 45 | 39.82% |
| е можност учениците да покажат што знаат и умеат | 18 | 15 | 11 | 3 | 3 | 4 | 4 | 58 | 51.33% |
| друго | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2.65% |
| вкупно | 28 | 30 | 21 | 11 | 9 | 5 | 9 | 113 | 100% |

Следна за анализа е содржината на табела 3. Интерпретацијата на податоци од истражувањето не упатува на анализа на добиените сознанија за ставовите на наставниците по прашањето: на кој начин образованието за животни вештини ги поттикнува учениците за изведување активности. По ова истражување на ставови на наставниците, им беше овозможено за избор на повеќе од еден одговор. Од тие причини добиените согледувања ќе ги анализираме преку добиените процентуални вредности. Според добиените податоци од истражувањето, прикажани во табела 3 можеме да согледаме дека: за повеќе од половина од анкетираните наставници (51,33%) изведувањето активности претставува можност учениците да се претстават како креативни личности, со можност да покажат што знаат и умет преку изведување на активности. Од вкупниот број наставници, 39,82% од наставниците се изјасниле дека изведувањето активности секогаш им причинува задоволство. Дека изведувањето активности претставува „само" обврска (која треба да се доврши) се изјасниле 5,31%. За разлика од нив 2,65% од наставниците не се определиле за ниту еден од понудените ставови. Ова значи дека дури 91,15% од анкетираните наставници го делат мислењето дека образованието за животни вештини ги поттикнува учениците за изведување

активности. Посебно за одбележување се развиените позитивни чувства кај учениците, и тоа чувството на задоволство, покрај желбата за промовирање на стекнатите знаења и умешност. Графички приказ на добиените сознанија за ставовите на наставниците е даден на графикон бр.4.




***Графикон бр.4*** *Што претставува изведувањето активности на кои образование за животни вештини ги поттикнува учениците*

***Табела 4.*** *Мислење на наставниците дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 28 | 16 | 12 | 6 | 9 | 4 | 7 | 82 |
| не знам | 0 | 4 | 5 | 4 | 0 | 1 | 2 | 16 |
| Не | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Следува споредбена анализа на мислењето на наставниците по прашањето: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност. Добиените податоци по ова прашање се прикажани во табела 4. Според направеното анкетирање и добиените сознанија од табелата можеме да ја воочиме следната фактичка состојба: 82 испитаници (што одговара на 82% од вкупниот број анкетирани наставници) одговориле позитивно, т.е. тие сметаат дека содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност. Со нив не се согласиле 2% од анкетираните наставници, а 16% биде неодлучни и не искажале конкретен одговор по ова прашање. Со оглед на различниот број анкетирани наставници можеби графичкиот приказ на графикон бр. 5 и не претставува најсоодветен избор за приказ на фактичката состојба, сепак во прилог на оваа интерпретација на добиени резултати од истражувањето го нудам и овој графикон. Причината за приказот на графикон бр.5 е уште поголема поради можноста да воочиме дека има училишта во кои сите анкетирани наставници имаат идентичен став по поставеното прашање. Но има и училишта во кои работат дел од овие наставници, а нивните мислења по ова прашање се спротивставени. Таков е случајот со ООУ „Петар Поп Арсов" од кое 16 испитаници (што претставува 80% од анкетираните наставници од тоа училиште) се согласуваат со искажаното мислење, а спротивставено мислење имаат 4 наставници (или 20% од анкетираните наставници од истото училиште).




***Графикон бр.5*** *Дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност*

Сумарен приказ по ова прашање е даден на графикон бр.6. На овој графикон лесно може да воочи дека 82% од анкетитаните наставници имаат позитивно мислење и став по прашањето: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност. За разлика од нив, само 2% од анкетираните наставници искажале негативен став по ова прашање, а 16% од наставниците останале неопределени.




***Графикон бр.6*** *Дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе како личност*

***Табела 5.*** *Мислење на наставниците дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 26 | 18 | 15 | 11 | 9 | 5 | 8 | 92 |
| не знам | 2 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 8 |
| Не | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Приказот на добиени податоци во табела 5, се однесува на спроведеното анкетирање за утврдување на мислењето на наставниците по прашањето: дали содржините од

животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности. Според направениот увид, можеме да го констатираме следното: 92% од анкетираните наставници се изјасниле позитивно по поставеното прашање: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности. За разлика од нив само 8% од наставниците биле неопределени. Знаачи, со право можеме да констатираме дека: по поставеното прашање - дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности, сите наставници кои се изјасниле со конкретен став по ова прашање дале позитивен одговор. По ова прашање неопределени биле 8% од анкетираните наставници. Значи можеме да констатираме дека: содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности. Приказ, со графикон во форма на круг (пита) е даден на графикон бр.7




***Графикон бр.7*** *Дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците поголема свест за сопствените права и одговорности*

Анализата на податоците ја продолжуваме со анализа на податоци кои се однесуваат (повторно) на личен развој на учениците. На ред е анализата за дадени податоци во табела 6, а се однесуваат на мислењето на наставниците по прашањето: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање пореална и јасна слика за сопствените вредности.

*__Табела 6.__ Мислење на наставниците дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање пореална и јасна слика за сопствените вредности*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 25 | 16 | 12 | 8 | 9 | 4 | 7 | 81 |
| не знам | 3 | 4 | 3 | 3 | 0 | 1 | 2 | 16 |
| Не | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Според податоците од горниот табеларен приказ можеме да констатираме дека: 81% од анкетираните наставници позитивно се изјасниле по поставеното прашање: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање пореална и јасна слика за сопствените вредности. Само 3% од анкетираните наставници имале негативен став по ова прашање, но затоа цели 16% од анкетираните наставници немале конкретен став по ова прашање. Графички приказ на збирната состојба (за сите ООУ кои се дел од анкетираните училишта) е прикажан на графикон бр.8.




***Графикон бр.8*** *Дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање пореална и јасна слика за сопствените вредности*

*__Табела 7.__ Ставови на наставниците дали образование за животни вештини овозможува подобро менаџирање на времето*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 23 | 6 | 12 | 6 | 5 | 5 | 5 | 61 |
| делумно се согласувам | 5 | 13 | 6 | 4 | 4 | 0 | 4 | 37 |
| не се согласувам | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Податоците дадени во табела 7 овозможуваат продолжување со анализа на податоците од делот на истражувањето што се однесува на прашања од личниот развој. Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по прашањето: дали образованието за животни вештини овозможува подобро менаџирање на времето. Негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците дале потврден одговор, односно 61% во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини овозможува подобро менаџирање на времето, а 37% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Приказ по ова прашање е даден на графикон бр.9.




*__Графикон бр.9__ Дали образование за животни вештини овозможува подобро менаџирање на времето*

Од презентираните податоци од истражувањето по прашањето: дали образованието за животни вештини овозможува подобро менацирање на времето, можеме со сигурност да констатираме дека речиси сите наставници се согласуваат со ставот: образованието за животни вештини овозможува подобро менацирање на времето. Конкретната бројка е 61% потполно, а 31% од наставницте делумно се согласуваат со овој став.

Следува приказот на добиени податоци во табела 8, а се однесува на спроведеното анкетирање за утврдување на мислењето на наставниците по прашањето: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците.

***Табела 8.*** *Мислење на наставниците дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 23 | 9 | 7 | 3 | 5 | 3 | 3 | 53 |
| не сум сигурен | 5 | 3 | 7 | 8 | 3 | 2 | 6 | 34 |
| не знам | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Друго | 0 | 8 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 9 |
| Вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Според направениот увид можеме да го констатираме следното: малку повеќе од половина од анкетираните наставници (53%) се изјасниле позитивно по поставеното прашање: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците. За разлика од нив, 47% од наставниците биле неопределени. Значи, со право можеме да констатираме дека: по поставеното прашање: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците, имаме добиени поделени мислења. Всушност речиси половина од вкупниот број анкетирани наставници се

изјасниле со позитивен став по ова прашање, а останатите биле неопределени или неодлучни. Значи по прашањето: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците, согласно со ова истражување не можеме да дадеме конкретен одговор. Графички приказ по прашањето: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците, по одделни училишта е даден на графикон бр.10, а приказ на збирната состојба по истото прашање е даден на графикон бр.11.




***Графикон бр.10*** *Дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците*




***Графикон бр.11*** *Дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците*

Приказот на добиени податоци во табела 9 се однесува на спроведеното анкетирање за утврдување на мислењето на наставниците по прашањето: дали преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации.

***Табела 9.*** *Мислење на наставниците дали преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| Да | 25 | 18 | 13 | 10 | 8 | 5 | 9 | 88 |
| не | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| не можам да проценам | 2 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 6 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Според направениот увид, можеме да го констатираме следното: 88% од анкетираните наставници се изјасниле позитивно по поственото прашање: дали преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации. За разлика од нив 6% од наставниците дале негативен одговор и исто толку биле неопределени ( 6%). Значи, можеме да констатираме дека: по поставеното прашање - дали преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации, голем дел од наставници кои се изјасниле со конкретен став по ова прашање дале позитивен одговор – 88%. Значи можеме да се согласиме дека: преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации. Збирен приказ е даден на графикон бр.12.




***Графикон бр.12*** *Дали преку образование за животни вештини учениците стекнуваат вештини за решавање проблемски ситуации*

Податоците дадени во табела 10 овозможуваат продолжување со анализа на податоците сега, од делот на истражувањето што се однесува на прашања од емоционалниот развој на учениците. Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по прашањето: дали образование за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците.

***Табела 10.*** *Ставови на наставниците дали образование за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 15 | 6 | 5 | 0 | 3 | 3 | 4 | 36 |
| делумно се согласувам | 13 | 13 | 12 | 11 | 6 | 2 | 5 | 62 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| не знам | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Приказ, на добиените сознанија од наставниците, по прашањето: дали образование за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците, е даден на графикон бр.13 за состојбите по одделните ООУ.




***Графикон бр. 13*** *Образованието за животни вештини влијае врз емоционалниот развој на учениците*

Приказ на вкупната состојба на ставови од наставниците, по прашањето: дали образование за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците, е даден на графикон бр.14.




***Графикон бр.14*** *Образованието за животни вештини влијае врз емоционалниот развој на учениците*

Неопределен одговор по прашањеето: дали образованието за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците дале потврден одговор, односно 36% од анкетираните наставници во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците, а 62% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење.

Анкетата на наставниците, во добиени сознанија по втората хипотеза - за личен развој, ги содржи и одговорите на прашања во делот од истражувањето што се однесува на поттикнување на мисловните процеси кај учениците. Податоците од табела 11 ни овозможуваат добивање сознанија за ставовите на наставниците по прашањето: дали образованието за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците. Следува анализа на добиените податоци и графички приказ по ова прашање за одделните ООУ, што се дел од ова истражување, прикажани во графикон бр. 15. Збирен графички приказ (за сите ООУ што се дел од ова истражување) по прашањето: дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците, е даден на графикон бр.16.

***Табела 11.** Ставови на наставниците дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 18 | 7 | 6 | 0 | 4 | 4 | 2 | 41 |
| делумно се согласувам | 10 | 12 | 10 | 10 | 5 | 1 | 7 | 55 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| не знам | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Анализирајќи ги добиените податоците од табела 11 можеме да воочиме дека: негативен одговор дале само 3% од анкетираните наставници и неопределен бил 1% (односно 1 наставник од анкетираните). Потврден одговор, дека образованието за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците, дале 96% од наставниците, од кои 41% во целост се согласуваат со тврдењето, а 55% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Следува графикон бр. 15, со графички приказ по ова прашање за одделните ООУ.




***Графикон бр.15** Дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците*

Од приказот на графикон број 15, можеме да забележиме дека во сите основни училишта вклучени во истражувањето, (со исклучок на ОУ „Христијан Тодоровски Карпош”) односот меѓу бројот на ставови за потполна / делумна согласност на наставниците, по прашањето дали образованието за животни вештини го поттикнува развојот на креативно мислење кај учениците, е речиси идентичен.

Збирен графички приказ (за сите ООУ што се дел од ова истражување) по прашањето: дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичкото мислење кај учениците, е даден на графикон бр.16.




***Графикон бр.16** Дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците*

Соодветно на редоследот на прашањата од анкетните листови, следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, со цел утврдување на нивните ставови по прашање од областа на екологијата. Ова прашање треба да ни овозможи проверка / потврдување на содржината на осмата хипотеза, што се однесува на екологијата. Како проверка на тврдењето од хипотезата дека образованието за животни вештини ја зголемува еколошката свест на учениците од основно образование, ги анализираме добиените ставови по прашањето: дали образование за животни вештини ги оспособува учениците за одржување на околината. Добиените податоци се прикажани во табела 12.

*Табела 12. Ставови на наставниците дали образование за животни вештини ги оспособува учениците за одржување на околината*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 24 | 10 | 6 | 3 | 6 | 3 | 7 | 59 |
| делумно се согласувам | 4 | 10 | 12 | 8 | 3 | 2 | 2 | 41 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Од табелата лесно може да се воочи фактот дека негативен одговор, меѓу анкетираните наставници, по ова прашање нема. Сите 100% од наставниците дале потврден одговор, односно 59% во целост се согласуваат со ставот дека: образованието за животни вештини ги оспособува учениците за одржување на околината, а 41% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење.

Збирен (за сите вклучени основни училишта) графички приказ по ова прашање, е прикажан на графикон бр.17.




***Графикон бр.17*** *Образование за животни вештини ги оспособува учениците за одржување на околината*

Анализата на податоци  продолжува со анализа на податоците дадени во табела 13.

***Табела 13.*** *Оценка на наставниците колку образованието за животни вештини го олеснува   поврзувањето на апстрактното со реалното*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 24 | 7 | 5 | 3 | 4 | 2 | 7 | 52 |
| делумно се согласувам | 4 | 13 | 12 | 7 | 5 | 3 | 2 | 46 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Податоците дадени во табела 13 овозможуваат анализа на податоците што се дел од истражувањето што се однесува на развојот на мисловните активности. Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните проценки по тврдењето дека: образованието за животни вештини го олеснува поврзувањето на апстрактното со реалното. Негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците дале потврден одговор т.е. се согласуваат со даденото тврдење. Од вкупниот број анкетирани наставници односно 52% во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини го олеснува поврзувањето на апстрактното со реалното, а 46% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење.




***Графикон бр.18*** *Образованието за животни вештини го олеснува   поврзувањето на апстрактното со реалното*

Графички приказ за збирната состојба од истражувањето, по ова тврдење е даден на графикон бр.18. Дури 98% од анкетираните сметаат дека образованието за животни вештини го олеснува поврзувањето на апстрактното со реалното.

Податоците дадени во табела 14 овозможуваат анализирање на податоците од делот на истражувањето што се однесува на прашање од областа на екологијата. Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по тврдењето дека: постои свесност за потребата од хигиенски и еколошки навики кај учениците. Негативен одговор по ова тврдење дале двајца наставници од сите 100 анкетирани наставници. Потврден одговор дале 98 наставници, од кои 52% во целост се согласуваат со тврдењето дека: постои свесност за потребата од хигиенски и еколошки навики кај учениците, а 46% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење.

***Табела 14.*** *Ставови на наставниците дали постои свесност за потребата од хигиенски и еколошки навики кај учениците*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 24 | 7 | 5 | 3 | 4 | 2 | 7 | 52 |
| делумно се согласувам | 4 | 13 | 12 | 7 | 5 | 3 | 2 | 46 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |




***Графикон бр.19*** *Постои свесност за потребата од хигиенски и еколошки навики кај учениците*

Следува анализа на податоци што се добиени со давање мислење за потврдување на последната хипотеза што се однесува на навиките на учениците од основно образование за здраво живеење. Податоците дадени во табела 15 овозможуваат анализа на податоците што се дел од истражувањето што се однесува на здравственото образование.

***Табела 15.*** *Мислење на наставниците дали образование за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 26 | 13 | 12 | 6 | 9 | 3 | 9 | 52 |
| делумно се согласувам | 2 | 7 | 6 | 5 | 0 | 2 | 0 | 46 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните проценки по прашањето: дали образование за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење. Негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците дале потврден одговор т.е. се согласуваат со даденото тврдење. Од вкупниот број анкетирани наставници односно 52% во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење, а 46% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење.




***Графикон бр.20*** *Образование за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење*

Податоците дадени во табела 16 овозможуваат анализа на податоците што се дел од истражувањето што се однесува на општественото живеење.

***Табела 16.*** *Ставови на наставниците дали преку образование за животни вештини учениците се запознаваат со општествените вредности*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | | Сите ОУ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | АП | |
| потполно се согласувам | 25 | 13 | 11 | 6 | 8 | 4 | 7 | 75 |
| делумно се согласувам | 3 | 7 | 6 | 4 | 1 | 1 | 2 | 23 |
| не се согласувам | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно | 28 | 20 | 18 | 11 | 9 | 5 | 9 | 100 |

Графички приказ за збирната состојба од истражувањето, по ова тврдење е даден на графикон бр.21.




***Графикон бр.21*** *Преку образование за животни вештини учениците се запознаваат со општествените вредности*

Следува анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по прашањето: дали преку образованието за животни вештини учениците се запознаваат со општествените вредности. Негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците се согласуваат со даденото тврдење. Од вкупниот број анкетирани наставници односно 75% во целост се согласуваат со ставот дека: преку образованието за животни вештини учениците се запознаваат со општествените вредности, а 23% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со овој став.

Во продолжение следува табела 17, со податоци добиени по спроведување на истражувачка активност. По спроведено анкетирање на 100 наставници и прибирање на нивните ставови и мислења, овозможено е утврдување на нивото на развој на комуникациските вештини кај учениците во рамките на основното образование. Со реализација на овој дел од истражувањето се врши проверка на тврдењето од третата хипотеза, според која животните вештини влијаат врз подобрување на комуникациските способности на учениците.

Податоците добиени од анкетирањето се искористија за добивање графички приказ, претставен на графикон бр.22.

***Табела 17.*** ***Организирање работилници за подобрување на способностите на учениците (по основни училишта)***

| Работилници за подобрување на способностите на учениците | ИМИЊА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | | | ППА | | | ВТ | | | ХТК | | | ВЦТ | | | ЛТ | | | АП | | |
| | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
| успешна вербална комуникација | 22 | 6 | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 | 8 | 0 | 5 | 6 | 0 | 7 | 2 | 0 | 2 | 3 | 0 | 7 | 2 | 0 |
| ефективна вербална комуникација | 22 | 6 | 0 | 8 | 12 | 0 | 8 | 9 | 1 | 3 | 7 | 1 | 5 | 4 | 0 | 2 | 3 | 0 | 4 | 5 | 0 |
| активно слушање | 25 | 3 | 0 | 14 | 6 | 0 | 10 | 8 | 0 | 7 | 4 | 0 | 5 | 4 | 0 | 2 | 2 | 1 | 7 | 2 | 0 |
| преговарање | 20 | 9 | 0 | 13 | 6 | 1 | 10 | 7 | 1 | 6 | 6 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 4 | 1 | 4 | 5 | 0 |
| соработка со другите | 25 | 3 | 0 | 15 | 5 | 0 | 12 | 6 | 0 | 8 | 3 | 0 | 8 | 1 | 0 | 3 | 2 | 0 | 7 | 2 | 0 |
| тимска работа | 25 | 2 | 1 | 13 | 7 | 0 | 12 | 6 | 0 | 5 | 5 | 1 | 8 | 1 | 0 | 3 | 1 | 1 | 8 | 1 | 0 |
| формирање пријателства | 25 | 3 | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 | 3 | 5 | 5 | 5 | 1 | 8 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 6 | 3 | 0 |

*Табела 18. Организирање работилници за подобрување на способностите на учениците*

| Работилници за подобрување на способностите на учениците | Сите ОУ | | |
|---|---|---|---|
| | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
| 1. успешна вербална комуникација | 66 | 34 | 0 |
| 2. ефективна вербална комуникација | 52 | 46 | 2 |
| 3. активно слушање | 70 | 29 | 1 |
| 4. преговарање | 58 | 38 | 4 |
| 5. соработка со другите | 78 | 22 | 0 |
| 6. тимска работа | 74 | 23 | 3 |
| 7. формирање пријателства | 57 | 35 | 8 |




***Графикон бр.22** Образование за животни вештини овозможува подобрување на способностите на учениците за: 1) успешна вербална комуникација; 2) ефективна вербална комуникација; 3) активно слушање; 4) преговарање; 5) соработка со другите; 6) тимска работа; 7) формирање пријателства.*

На графиконот бр.22 може да се воочи степенот на реализација за секоја од комуникациските вештини поодделно. Добиениот приказ укажува на следните сознанија: образованието за животни вештини на учениците во најголема мера им овозможило развој на соработката со другите (се изјасниле 78% од анкетираните наставници), а потоа следуваат тимската работа со 74%, па способноста за активно слушање со изјаснување на 70% од анкетираните. Што се однесува до несогласувањето со некои од наведените ставови, дури 8% од анкетираните наставници сметаат дека учениците преку образование за животни вештини не ги подобруваат сопствените способности за формирање пријателства. За разлика од нив 4% од испитаниците сметаат дека и спосбностите за преговарање кај учениците не се развваат соодветно на очекувањата.

Во продолжение се дадени табеларни и графички прикази на податоци и содржини кои во ова истражување се предмет на комплексна анализа.

За потребите на спроведеното истражување реализирани се комплексни истражувачки активности. Анализираните податоци овозможуваат добивање сознанија од повеќе различни подрачја на психосоцијалниот развој, на ученикот како поединец. Во табела 19 дадени се неколку категории на одговори кои ја обезбедуваат сестраноста на овој дел од истражувањето. За појасен пристап при анализа на податоците и добиените резултати, во продолжение следува „препознавање" на секоја од дадените категории во табела 19.

- Развивањето интерперсонални односи подразбира – да знаат за постоењето разлики меѓу луѓето.
- Развивањето критичко мислење подразбира – да препознаваат сопствени грешки.
- Развивањето навики за здраво живеење подразбира – информирање за опасни супстанци.
- Од областа на личниот развој се способностите: да воочат сопствени способности, полесно справување со ситуации, стратегии за справување со загуба.

По претставување на податоците од сите ООУ што се дел од ова истражување во табела 19, следува табела 20 со збирни податоци (заеднички, добиени од податоците на поединечните ООУ). Анализата на добиените податоци и сознанија, ќе биде поткрепена со графикон бр. 23.

***Табела 19.*** *Проценка на наставниците за способности со кои можат да се стекнат учениците преку образование за животни вештини (по основни училишта)*

| Способности со кои можат да се стекнат учениците преку образование за животни вештини | ИМИЊА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | | | ППА | | | ВТ | | | ХТК | | | ВЦТ | | | ЛТ | | | АП | | |
| | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
| да знаат за постоење разлики меѓу луѓето | 25 | 3 | 0 | 13 | 7 | 0 | 14 | 4 | 0 | 8 | 3 | 0 | 9 | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 9 | 0 | 0 |
| да воочат сопствени способности | 24 | 4 | 0 | 15 | 5 | 0 | 13 | 5 | 1 | 5 | 6 | 0 | 7 | 2 | 0 | 4 | 1 | 0 | 8 | 1 | 0 |
| да препознаат сопствени грешки | 25 | 2 | 1 | 17 | 3 | 0 | 10 | 8 | 0 | 5 | 6 | 0 | 8 | 1 | 0 | 3 | 2 | 0 | 7 | 2 | 0 |
| полесно справување со ситуации | 25 | 2 | 1 | 8 | 12 | 0 | 11 | 8 | 1 | 4 | 7 | 0 | 5 | 4 | 0 | 3 | 2 | 0 | 6 | 3 | 0 |
| стратегии за справување со загуба | 21 | 6 | 1 | 8 | 11 | 1 | 8 | 6 | 4 | 2 | 9 | 0 | 4 | 5 | 0 | 2 | 2 | 1 | 4 | 5 | 0 |
| информирање за опасни супстанци | 24 | 4 | 0 | 17 | 3 | 0 | 10 | 5 | 3 | 6 | 5 | 0 | 7 | 2 | 0 | 5 | 0 | 0 | 5 | 4 | 0 |

***Табела 20.*** *Проценка на наставниците за способности со кои можат да се стекнат учениците преку образование за животни вештини*

| Категорија на одговори | Сите ОУ | | |
|---|---|---|---|
| | потполно се согласувам | делумно се согласувам | не се согласувам |
| 1.да знаат за постоење разлики меѓу луѓето | 66 | 34 | 0 |
| 2. да воочат сопствени способнпсти | 52 | 46 | 2 |
| 3. да препознаат сопствени грешки | 70 | 29 | 1 |
| 4. полесно справување со ситуации | 58 | 38 | 4 |
| 5. стратегии за справување со загуба | 78 | 22 | 0 |
| 6. информирање за опасни супстанци | 74 | 23 | 3 |

Добиените податоци и сознанија од табелата се претставени на графикон бр.23.




***Графикон бр.23*** *Дали учениците можат да се оспособат преку образование за животни вештини за: 1) да знаат за постоење разлики меѓу луѓето; 2) воочување на сопствени способности; 3) препознавање на сопствени грешки; 4) олеснето справување со ситуации; 5) примена на стратегии за справување со загуби; 6) информирање за опасни супстанци*

Анализата на податоците од графикон бр.23 овозможува извлекување заклучоци за потврдување на тврдењето од четвртата хипотеза за позитивното влијание на образованието за животни вештини врз интерперсоналните односи меѓу учениците во основно училиште.

Според добиените податоци од истражувањето, 66% од испитаниците во потполност, а 34% делумно се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини може да ги оспособи учениците за постоење и препознавање на разлики меѓу луѓето. Според податоците добиени од анкетите, преку усвојување на сознанија од образование за животни вештини добивме дека 52% од испитаниците се оспособени за воочување на сопствените способности, а 46% се сметаат за делумно обучени. За разлика од нив 2% од испитаниците се изјасниле дека овој вид образование не им овозможува оспособување за воочување на сопствените способности. Препознавање на сопствени грешки како своја вештина стекната на часовите на одделенска заедница ја сметаат 70% од испитаниците, а можноста за олеснето справување со ситуации е вештина која ја препознаваат кај учениците 58% од испитаниците. Висок процент, 78% од анкетираните наставници сметаат дека усвоените содржини од образование за животни вештини им овозможуваат на учениците примена на стратегии за олеснето справување со загуби. Сличен е податокот, за 74% од наставниците кои сметаат дека наставниците можат детално да се информираат за опасни суптанци преку содржините од образование за животни вештини, а 23% дека делумно се согласуваат со можноста за информирање за некои опасни супстанци.

## Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на учениците

Истражувањето на воспитните аспекти во активностите предвидени во програмата за образование за животни вештини е целосно само со анализа на мислењето на учениците. Оваа анализа се однесува на тоа:

-дали содржините од образование за животни вештини придонесуваат за поголема ефикасност во учењето и интерес за содржините што се обработуваат на одделенскиот час;

-дали може да се воочи стекнување знаења, способности и вештини преку реализација на активности од животни вештини;

-дали образование за животни вештини нуди практични содржини за себезапознавање;

-дали активностите во рамки на одделенските часови овозможуваат подобра интеракција меѓу учениците;

-дали и во која мера образованието за животни вештини овозможува оспособување на учениците за успешна тимска работа во наставата;

-дали оспособувањето за решавање проблемски ситуации е олеснето преку оспособување на учениците со образование за животни вештини;

-дали содржините за животни вештини имаат значително влијание врз емоционалниот развој на учениците;

-дали практичната примена на содржини и активноси од образование за животни вештини овозможува зголемување на еколошката свест кај учениците во основно образование;

-дали примена на знаењето од образование за животни вештини допринесува за развој на навики за здраво живеење;

-да се направи проценка кои методи на работа на одделенски часови овозможуваат подобрување на ефикасноста при поучувањето за животни вештини.

Во анкетирањето се опфатени 150 ученици, од шест основни училишта во општина Карпош, и тоа по 25 ученици од секое училиште. Сите анкетирани

ученици припаѓаат на возрасни групи од второ до петто одделение. Добиените податоци од реализација на анкетирањето се прикажани во табеларни прикази. Анализа на податоците од табелите следува непосредно по секоја од табелите, дадени во продолжение.

***Табела 1.*** *Ставови на учениците дали одделенскиот час (со содржини од животни вештини ) е поучен и интересен*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| секогаш | 20 | 25 | 25 | 22 | 23 | 21 | 136 | 90,67 |
| понекогаш | 5 | 0 | 0 | 3 | 2 | 4 | 14 | 9,33 |
| никогаш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| не знам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Од табеларниот приказ можеме да воочиме дека за релативно голем број ученици 136 од анкетираните 150, (или изразено во проценти 90,67%) одделенскиот час со планирани и реализирани содржини од образование за животни вештини претставува можност за споделување на поучни и интересни содржини и спознанија. Дури и учениците кои се изјасниле дека одделенскиот час со содржини од животни вештини им е понекогаш интересен, даваат сосема позитивна слика за сегашните и потенцијални идни состојби на реализација на овој вид содржини. Со оглед на исклучителната важност на образованието за животни вештини за подобрување и развој на психосоцијалните вештини кај учениците овие податоци е неопходно да се анализираат и користат за подобрување на квалитетот на воспитно – оразовниот процес за сите возрасни генерации во основното образование.

*Табела 2. Ставови на учениците по прашањето дали образованито за животни вештини овозможува учење на сопствените грешки*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| се трудам да не ги повторувам | 18 | 22 | 21 | 15 | 14 | 18 | 108 | 72,0 |
| често грешам | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.0 |
| понекогаш ги правам истите грешки | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 2,7 |
| никогаш не правам исти грешки | 7 | 3 | 3 | 9 | 10 | 6 | 38 | 27,3 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Од податоците во табела 2, можеме да заклучиме дека образованието за животни вештини овозможува интензивен личен развој на учениците. Овој вид неформално образование, влијае на зголемување на самодовербата (кај 72% од анкетираните или кај вкупно 108 од анкетирани 150 ученици). Можноста за надминување на сопствените слабости треба да претставува и дополнителна мотивација за „поправање" и на оние 2,7% од грешките кои повторно се појавуваат.

Направена анализа на податоците добиени од анкетирањето по ова прашање овозможува констатација дека: реализацијата на содржини од образованис за животни вештини им овозможува на учениците да го усвојат знаењето за себе и како група. Добиените позитивни одговори (кај дури 98% од анкетираните) овозможува гледање на овој вид знаење како на успешен пример кој треба да се применува и проширува на други области на знаење и способности на учениците.

Анализата на следното прашање овозможува увид во оспособувањето за ширење познанство и меѓусебно разбирање меѓу врсниците. По ова прашање позитивно се изјасниле 93,3% од испитаниците. Овој процент иако е солиден, неопходно е ангажирање со дополнителни активности, со цел да се „поправи"

неодлучноста и негативниот одговор од 6,7% испитаници. Треба да се обрне внимание на интензитетот на активности со цел да се подобрат и усовршат (од страна на што е можно поголем број ученици) комуникациските вештини и континуирано да се подобруваат интерперсоналните односи.

***Табела 4.*** *Мислење на ученикот по прашањето дали образованието за животни вештини го олеснува запознавањето и разбирањето на другарчињата*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 24 | 25 | 22 | 20 | 24 | 25 | 140 | 93,3 |
| не сум сигурен | 1 | 0 | 3 | 3 | 1 | 0 | 8 | 5,3 |
| не | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1,4 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

***Табела 5.*** *Мислење на ученикот по прашањето дали содржините од образованието за животни вештини се интересни и лесно се разбираат и помнат*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 24 | 25 | 21 | 23 | 25 | 24 | 142 | 94,67 |
| не сум сигурен | 1 | 0 | 4 | 0 | 0 | 1 | 6 | 4.0 |
| не | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.0 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1,33 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Преку анализа на табеларниот приказ на податоци може да се констатира дека речиси 95% од испитаниците, содржините за животни вештини ги сметаат за разбирливи и јасни. Меѓутоа неопределеноста од 4% испитаници треба и понатаму да претставува предизвик за користење на конкретни, прецизни и јасни пораки при изучување на сите образовни содржини, по воедно и за образованието за животни вештини.

***Табела 6.*** *Услови за оспособување на ученикот за успешна тимска работа*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| треба да ги почитувам другарчињата од тимот | 23 | 25 | 25 | 24 | 23 | 24 | 144 | 96 |
| не треба да ги почитувам членовите од другите тимови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| треба секогаш да бидам лидер на тимот | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0,67 |
| секогаш моето мислење е најдобро во групата | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| мојот тим секогаш е најуспешен | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 5 | 3,33 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Следува анализата на податоците од табелата 7.

*Табела 7. Дали знам како и каде да побарам помош кога ми е потребна*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 25 | 25 | 22 | 23 | 25 | 24 | 144 | 96.00 |
| не сум сигурен | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2.66 |
| не | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0.67 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0.67 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Анализата на податоците од табелата укажува на солидниот процент на информираност и оспособеност на учениците да побараат помош, кога таа им е потребна. Податокот од 96% од испитаниците, како и преку нивната целосна сигурност треба да не упатува на следење на добриот начин на работа. Од особена важност е упатување на врсниците на меѓусебно помагање. Овој вид на активности остава посебен белег на нивното дружење, но го подобрува квалитетот на меѓучовечките односи.

Анализата на податоците од табела 8 треба да овозможи извлекување нови заклучоци и добивање насоки за поуспешно учење. Практиката покажува дека најефикасниот метод и форма во работата (во случајов тоа е учењето), секогаш го избира и пронаоѓа оној што работи (учи).

Според сознанијата добиени од анкетирањето може да се констатира дека со приближно иста фреквенција се применуваат и прифаќаат сите понудени методи на поучување. Радува фактот што учениците го направиле токму ваквиот избор, затоа што тоа значи дека им се познати како методи и нивната реализација. Сепак ќе издвоиме дека како најефикасен метод на поучување, од страна на учениците, е избран разговор (со 22,37%), апотоа следуваат активностите низ игра (со 18,26%) и работните групи (со 17,35%).

***Табела 8.*** *Ученички избор на методи на работа на одделенски часови за ефикасно поучување од образование за животни вештини*

| Методи за ефикасно поучување за животни вештини | Име на основно училиште | | | | | | Сит е ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| разговори | 12 | 18 | 10 | 20 | 19 | 19 | 98 | 22,37 |
| работни групи | 14 | 9 | 3 | 19 | 15 | 16 | 76 | 17,35 |
| цртање | 2 | 16 | 18 | 5 | 2 | 7 | 50 | 11,42 |
| анализа на приказни | 10 | 5 | 3 | 18 | 13 | 15 | 64 | 14,62 |
| активности низ игра | 9 | 17 | 19 | 15 | 19 | 1 | 80 | 18,26 |
| глумење и играње улоги | 8 | 17 | 22 | 16 | 6 | 1 | 70 | 15,98 |
| вкупно | | | | | | | 438 | 100% |

***Табела 9.*** *Образование за животни вештини ми помага да умеам да препознам емоции кај себе си и другите*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 23 | 24 | 23 | 19 | 24 | 25 | 138 | 92,00 |
| не | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1,33 |
| не знам | 2 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 | 7 | 4,67 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 2,00 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Анализата на добиените сознанија од табела 9 треба да укаже на влијанието на содржините од животни вештини врз емоционалниот развој на учениците. Според податоците добиени од анкетирањето кај 92% од испитаниците содржините од образование за животни вештини го помагаат и олеснуваат процесот на емоционален развој кај учениците. Емпатијата меѓу врсниците може да упатува кон поцврста соработка, поголемо взаемно помагање и побрз емоционален развој на личноста на ученикот.

Анализата на податоците добиени од анкетното истражување, во табелите 10, 11 и 12 укажуваат на многу приближни вредности кои соодветно упатуваат на слични карактеристики кај личноста на ученикот. Според направените анкети и добиените податоци констатираме дека: образование за животни вештини го олеснува воочувањето на нееднаквост и неправди, а овозможува увиди и во начини за нивно надминување. Ова е случај со 91,33% од испитаниците, додека другите ученици (приближно 8%) се неопределени.

***Табела 10.*** *Образование за животни вештини ми го олеснува воочувањето на нееднаквост и неправди, како и нивно надминување*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 23 | 25 | 21 | 19 | 25 | 24 | 137 | 91,33 |
| не сум сигурен | 2 | 0 | 4 | 6 | 0 | 0 | 12 | 8,00 |
| не | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0,67 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

***Табела 11.*** *Образование за животни вештини ми овозможува учење за екологија*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| секогаш | 23 | 23 | 20 | 23 | 24 | 24 | 137 | 91,33 |
| понекогаш | 2 | 2 | 5 | 1 | 1 | 1 | 12 | 8,00 |
| никогаш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0,67 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Преку анализа на табелата за овозможување на учење за екологија преку образование за животни вештини (табела 11), позитивно се изјасниле 91,33%, а другите 8% сметаат дека еколошките содржини можат само понекогаш да ги изучуваат во рамките на часот на одделенската заедница.

Учениците се учат да се почитуваат меѓу себе, но и правилата во групата / заедницата во која припаѓаат. Следува анализа на табела 12. Со ставот дека со помош на образование на животни вештини ученикот ум ее да ги почитува правилата на групата во која припаѓа се изјасниле 92% од испитаниците. Сепак 7,33% не чувствуваат сигурност за давање определен одговор по ова прашање.

*Табела 12. Со помош на образование за животни вештини умеам да ги почитувам правилата на групата во која припаѓам*

| Категорија на одговори | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| да | 25 | 25 | 25 | 25 | 13 | 25 | 138 | 92,00 |
| не сум сигурен | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 11 | 7,33 |
| не | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0,67 |
| друго | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| вкупно | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 150 | 100% |

Анализата на табела 13 укажува на интегрираните знаења со кон учениците се стекнуваат во процесот на образование. Можеме да констатираме дека: одржување на личната хигиена ја има водечката улога (со 38,55%), а потоа следуваат примената на здрава храна (со 36,23%) и информирањето за болести (со 24,64%). Треба да забележиме дека примената и изборот на аспектите од оваа табела може да има и директна поврзаност со возраста, интересите и другите навики во секојдневниот живот.

***Табела 13.*** *Преку образование за животни вештини се информирам за грижата за сопственото здравје*

| За сопственото здравје се грижам преку | Име на основно училиште | | | | | | Сите ОУ | Сите ОУ (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДХД | ППА | ВТ | ХТК | ВЦТ | ЛТ | | |
| одржување лична хигиена | 18 | 25 | 25 | 25 | 21 | 19 | 133 | 38,55 |
| здрава исхрана | 15 | 25 | 22 | 25 | 18 | 20 | 125 | 36,23 |
| информирање за болести | 3 | 18 | 19 | 18 | 8 | 19 | 85 | 24,64 |
| друго | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0,58 |
| вкупно | | | | | | | 345 | 100% |

# ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

Содржината од наставната програма за образование за животни вештини има за цел оспособување на учениците за справување со предизвиците на секојдневниот живот. Програмата за животни вештини содржи низа активности со кои се помага развојот на психосоцијалните вештини кај учениците. Анализата на добиените податоци во истражувањето ја потврди генералната хипотеза, според која програмата за образование за животни вештини овозможува јакнење и развивање на воспитната функција на наставата во основното училиште. Како потврда на валидноста на оваа хипотеза е потврдувањето и на другите поставени хипотези.

1. Според собраните и анализирани податоци, содржините по животни вештини во основното училиште имаат релативно висок процент на реализација. Анализата на истражувањето покажува дека 87% од наставниците од одделенска настава ги имаат планираните содржини реализирано успешно и во целост. Кај 13% од наставниците планираните содржини се делумно реализирани.

Анкетирањето на учениците ја прикажува фактичката состојба за интересот на учениците за содржините на часовите со ОЖВ. За 90,67% од учениците часовите на одделенската заедница, токму содржините по животни вештини ги прават секогаш поучни и интересни. Само 9,33% од учениците се изјасниле дека за нив овие часови се понекогаш интересни и поучни.

Според овие сознанија можеме да констатираме дека првата хипотеза, според која содржините по животни вештини во одделенска настава се целосно реализирани, соодветно на планирањето, е исполнета во целост.

2. Според втората хипотеза: содржините по животни вештини позитивно влијаат врз личниот развој на учениците во основното образование. Проверка на оваа хипотеза направивме преку анализа на податоците добиени од анкетирање за:

-стекнувањето самодоверба кај учениците,

-оспособувањето за изведување активности,

-градењето позитивна слика за себе,

-способноста за менаџирање на слободното време.

Со анализа на добиените податоци од анкетирањето ги добивме следните сознанија:

а) 84% од анкетираните наставници сметаат дека содржините од образование за животни вештини иницираат градење самодоверба кај учениците, а со ова мислење не се согласуваат 5% од наставниците. Другите анкетирани 11% се неодлучни (немаат избрано ниту потврден, ниту одречен одговор). Можеме да заклучиме дека, релативно голем дел од наставниците имаат мислење дека содржините од животни вештини го поттикнуваат процесот на градење самодоверба кај учениците.

б) Според добиените податоци од направеното истражување можеме да согледаме дека: за повеќе од половина од анкетираните наставници (51,33%) изведувањето активности претставува можност учениците да се претстават како креативни личности, со можност да покажат што знаат и умеат преку изведување на активности. Од вкупниот број наставници, 39,82% од наставниците се изјасниле дека изведувањето активности секогаш им причинува задоволство. Дека изведувањето активности претставува „само" обврска (која треба да се доврши) се изјасниле 5,31%. За разлика од нив 2,65% од наставниците не се определиле за ниту еден од понудените ставови. Ова значи дека дури 91,15% од анкетираните наставници го делат мислењето дека образование за животни вештини ги поттикнува учениците за изведување активности.

в) По спроведената споредбена анализа на мислењето на наставниците по прашањето: дали содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе, добиени се следните сознанија: 82% од испитаниците одговориле позитивно. Со нив не се согласиле 2% од анкетираните наставници, а 16% биде неодлучни и не искажале конкретен одговор по ова прашање.

г) Со анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по прашањето за подобро менаџирање на времето, негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од анкетираните наставници дале потврден одговор.

Според сите овие добиени сознанија и втората хипотеза се потврдува.

3. Анализа на комуникациските способности е предмет на третата хипотеза. Со податоци добиени по спроведено анкетирање на 100 наставници и прибирање на нивните ставови и мислења, овозможено е утврдување на нивото на развој на комуникациските вештини кај учениците во рамките на основното образование. Добиените податоци укажуваат на следните сознанија: образованието за животни вештини на учениците во најголема мера им овозможило развој на соработката со другите (за 78% од анкетираните наставници), а потоа следуваат тимската работа со 74%, па способноста за активно слушање со изјаснување на 70% од анкетираните. Овие сознанија ја потврдуваат и третата хипотеза.

4. Анализата за влијанието на интерперсоналните односи е направена со спроведување на истражување, за разликите меѓу луѓето. Добиените сознанија укажуваат дека: 66% од испитаниците сметаат дека образованието за животни вештини има позитивно влијание на односи, додека 34% сметаат дека тоа влијание е делумно.

5. Споведената анкета овозможи добивање на податок дека 53% од анкетираните наставници се изјасниле позитивно по поставеното прашање: дали искуствено учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците. За разлика од нив, 47% од наставниците биле неопределени. Значи, со право можеме да констатираме дека: по поставеното прашање: дали искуственото учење преку содржините за животни вештини овозможува поефикасно справување со емоции кај учениците, имаме добиени поделени мислења.

6. Со анализа на податоците добиени по спроведеното анкетирање за позитивното влијание врз емоционалниот развој се добиени следните сознанија: Неопределен одговор по прашањето: дали образование за животни вештини има влијание врз емоционалниот развој на учениците дале само 2% од анкетираните наставници, а останатите 98% од наставниците дале потврден одговор. Според тоа, заклучуваме дека образовните содржини од животни вештини имаат позитивно влијание врз емоционалниот развој на учениците.

7. Одговорот на прашањето: дали образование за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците, претставува одговор по оваа

хипотеза. Негативен одговор по ова прашање дале само 3% од анкетираните наставници и неопределен бил 1%, а останатите 96% од наставниците дале потврден одговор. Значи 41% од анкетираните наставници во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини овозможува подобро менаџирање на времето, а 55% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат. Со вака добиените сознанија се потврдува и оваа хипотеза.

8. Со анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните ставови по прашањето: дали образование за животни вештини ја зголемува еколошката свест на учениците, добиени се следните сознанија: Сите наставници дале потврден одговор, односно 59% од анкетираните наставници во целост се согласуваат со ставот дека: образованието за животни вештини ги оспособува учениците за одржување на околината, а 41% од анкетираните дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење. На тој начин се потврдува и хипотезата: ОЖВ ја зголемува еколошката свест на учениците од основното образование.

9. Со анализа на податоците добиени по анкетирање на наставниците, за утврдување на нивните проценки по прашањето: дали образование за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење, добиени се следните сознанија: 98% од наставниците дале потврден одговор, а негативен одговор по ова прашање дале само 2% од анкетираните наставници. Од вкупниот број анкетирани наставници односно 52% во целост се согласуваат со ставот дека образованието за животни вештини овозможува стекнување навики за здраво живеење, а 46% од анкетираните наставници дале одговор дека делумно се согласуваат со ова тврдење. Според добиените податоци се потврдува содржината на хипотезата, според која учениците од основно образование имаат навики за здраво живеење.

Со направената анализа и добиените заклучоци по хипотези со сигурност можеме да заклучиме дека со направеното истражување се потврдува хипотезата, што беше предмет на ова истражување, а таа гласи:

* Програмата за образование за животни вештини кај учениците во основно училиште овозможува јакнење и развивање на воспитната функција на наставата.

# ЛИТЕРАТУРА


1. Адамчевска, С. (1996), *Активна настава,* Скопје, Легис
2. Ангеловска – Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола, Киро Дандаро
3. Ангеловска – Галевска, Н. (2005), *Планирање на научното истражување*, Интерен материјал, Скопје
4. Балажи, С. (2008), *Прирачник за образование за животни вештини (од I до III одделение – основно училиште),* Биро за развој на образование, Скопје
5. Gašič-Pavišič, S. (2005), *Модели разредне дисциплине,* Београд, Институт за педагошка истраживања
6. Гласер, В. (1994), *Квалитетна школа,* Загреб
7. Делова, Јолевска, Е., (2008), *Основи на статистиката,* Скопје, Универзитет Американ Колеџ
8. Deuze, M. (2007), *Media work*, Cambridge, Polity
9. Европска комисија - Генерален директорат за образование и култура (2003), *Имплементација на Образование и обука 2010, програма за работа* – Тековен извештај
10. Закон за Основно образование, (2009), Скопје, Службен весник на Република Македонија, бр. 65 – пречистен текст
11. Зимбаков, Ѓ. (2011), *Предизвиците на еколошкото воспитание и образование*, Скопје, УКИМ
12. Јовиќ, Б. (2005), *Современо училиште избор или потреба,* Скопје, Просветен работник
13. Камберски, К. (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија,* Скопје, Филозофски факултет
14. Карнеги, Д. (2002), *Психологија успеха I*, Београд, Народна књига, Алфа
15. Кулиќ, Р. (2011), *Компаративна педагогија,* Скопје, Просветно дело
16. Macek, P. (2003), *Adolescence* (2nd ed.), Praha, Portal
17. Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, (2007), *Концепција за деветгодишно воспитание и образование*, Скопје

18. Министерство за образование и наука, (2011), *Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем во Република Македонија,* Скопје
19. Миноски, Ј. (1997), *Следење и анализирање на наставата,* Кочани, Младост
20. Миовска – Спасева, С. (2010), Годишен зборник на Филозофскиот факултет број 63, *Компаративното проучување на образованието во потрага по сопствениот идентитет: Современи дилеми и предизвици*, Скопје, УКИМ
21. Мирасчиева, С. (2005), *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште*, Штип, 2-ри Август С
22. Митревска, Ц., Мундишевска-Велјановска, В., Трајковска, В. (2009), Зборник на трудови, *Современото училиште и дисциплината на учениците*: *Реафирмација на воспитната функција на училиштето*, Скопје, Филозофски факултет
23. Митревска, Ц., Мундишевска-Велјановска, В., Трајковска, В. (2011), Зборник на трудови, *Современото општество и образованието, Student in modern education and upbringing – Ученикот во современото образование и воспитание*, Скопје, Педагошки факултет
24. Močinić, S., Lazarić, L., (2011), Зборник на трудови, *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото, Uloga i zadače učitelja u odgojno-obrazovnom procesu*
25. Мундишевска-Велјановска, В. (2006), *Поттикнување на самостојното учење на учениците, Воспитни крстопати*, бр. 106
26. Мундишевска-Велјановска, В. (2007), *Улогата на работата на наставникот во современата настава, Воспитни крстопати*, бр. 115
27. Мундишевска-Велјановска, В. (2009), *Дијагностички постапки и методи за утврдување состојба на училишна клима*, *Воспитни крстопати,* бр. 134
28. Мундишевска-Велјановска, В, (2010), *Евалвацијата во наставата и учењето, Воспитни крстопати*, бр. 147-148,
29. Мурџева Шкариќ, О. (2004), *Развојна психологија*, Скопје, Филозофски факултет
30. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015), МОН
31. Nelsen, J. (2001), *Pozitivna disciplina*, Čačak, Inter Grandex Trade

32. Николовска, Ј. (2000), *Традиционалното и современото во воспитно-образовната практика,* Скопје, Маринг
33. Nurmi, J. –E. (2004), *Socialization and self-development, Channeling, selection, adjustment and reflection*, Hoboken, NJ, Wiley
34. Њуболд, П.,Карлсон, В., Торн, Б., (2010), *Статистика за бизнис и економија,* Скопје, Магор
35. *Педагошки лексикон*, (1996), Београд, Завод за уџбенике и наставна средства
36. *Педагошки речник*, (1989), Београд, Завод за уџбенике и наставна средства и други издавачи
37. Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење динамично училиште,* Биро за развој на образованието, Скопје
38. Петковски, К., Трајковска, И. (2004), *Прирачник за развојно планирање на училиштето,* Битола, Херакли-Комерц
39. Петрова, Е. (2005), *Современото училиште и моралното воспитание,* Штип, Софија
40. Петрова Ѓоргиева, Е. (2009), *Современи тенденции во развојот на интелектуалното воспитание, Воспитание*, Скопје
41. Поповски, К. (1997), *Психолошки основи на современата настава,* Скопје, Просветно дело
42. Попоски, К. (1998), *Успешен наставник,* Скопје, Просветен работник
43. Попова – Коскарова, Р. (2004), *Вовед во педагогија,* Скопје, График Мак – Принт
44. Потконјак, Н. (1999), *Методологија педагогије,* Београд
45. Прирачник за наставниците во основното образование, (2009), *Настава и учење на 21-от век,* Скопје
46. *Проект за основно образование,* (2007), *Квалитетно образование за подобра иднина,* УСАИД во соработка со МЦГО
47. Ристевска, С. (1998), *Односот на наставникот кон личноста на ученикот,* Скопје, Педагошки завод на Македонија
48. Симовска, В, (1998), *Општествената транзиција и образованието,* Скопје, Филозофски факултет
49. Службен весник на Р.М, бр.103/2008

50. Стотард, Б. (2004), *Образование за животни вештини, Прирачник за неформално образование,* Скопје, УНИЦЕФ
51. Такашмановска-Тодоровска, Т. (1996), *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата,* Скопје, Графохартија
52. Castells, Manuel (1997, second edition, 2004), *The Power of Identity, the Information Age: Economy, Society and Culture* Vol.II, Cambridge, MA, Oxford, UK, Blackwell
53. Chelsom, D. (1992), Restitucija – preobrazba skolske discipline, Chapel Hill
54. www.childdtrends.org/files/ child_trends
55. www.educationworld.com/teachers/
56. www.maturskiradovi.net
57. www.mon.gov.mk
58. www.bro.gov.mk
59. www.pep.org.mk
60. www.pmio.mk
61. www.proactiva.hr
62. www.ido.rudn.ru/psychology/pedagogical_psychology/pic/t10/p11.gif&imgrefurl / ...
63. www.umd.gov.mk
64. www.umd.gov.mk/analiza - obrazovanie.aspx
65. www.worldteachers.com
66. www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=32010937499&id=9&setIzdanie=21939
67. http://e-demokratija.mk/ documents
68. http://en.wikipedia.org/wiki/Network_society#cite_note-0
69. http://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/pedagoski/vospitanie_2010_2011.pdf
70. http://www.education-world.com
71. http://www.garysturt.free-online.co.uk/human.htm

# П Р И Л О З И

**Прилог**

**Почитувани**

Пред Вас се наоѓа прашалник со чија примена сакаме да ги процениме воспитните аспекти на програмата на образование за животни вештини во основното училиште. Образование за животни вештини (ОЖВ) претставуваат содржини што се реализираат во текот на часовите на одделенската заедница, со учениците од второ до деветo одделение, а во прво одделение се интегрирани со наставните содржини од другите наставни предмети. Овој процес на реализација на содржините од образование за животни вештини се примеенува почнувајќи од учебната 2006 / 2007 година во сите основни училишта, согласно со образовната политика на Република Македонија и Концепцијата за деврtгодишно основно образование донесена од БРО и МОН.

За реализација на целите од програмата за животни вештини потребно е знаењата, вештините и ставовите да се стекнуваат и практикуваат во секојдневниот училиштен живот. За знаењата и способностите од ОЖВ, учениците не се оценуваат, но

од особена важност е дали сме ги реализирале планираните цели. Затоа за ова истражување ни се неопходни податоци за согледување на нивото на реализација на воспитната функција низ овој вид наставни содржини. Добиените податоци (од ова анкетирање) можат да послужат и во научни цели за содржините опфатени во овој анкетен лист.

Истражувањето е потполно анонимно.

Однапред Ви благодариме за соработката!

***АНКЕТЕН ЛИСТ за наставници од основно училиште***

Овој прашалник е наменет за потребите на едно истражување, кое ќе биде дел од магистерски труд. Прашалникот е анонимен и податоците се наменети само за научни цели и нема да се употребат за некоја друга намена. Ве молам искрено да одговорите на прашањата.

Однапред Ви благодарам за соработката и подготвеноста да одвоите дел од Вашето време за пополнување на прашалникот!

| **ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно училиште: | ______________________________ | | | | |
| Место: | Скопје | | | | |
| Одделение во кое реализирате настава (заокружете) | а) прво | б) второ | в) трето | г) четврто | д) петто |
| Пол (заокружете) | а) женски б) машки | | | | |
| Работен стаж во училиште (заокружете) | а) до 5 години<br>б) од 5 до 10 години<br>в) од 10 до 20 години<br>г) над 20 години | | | | |

| |
|---|
| 1. Со учениците ги реализирам сите планирани содржини по животни вештини.<br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) целосно и успешно |
| б) делумно |
| в) воопшто не ги реализирам |
| г) друго ________________________________ |
| 2. Содржините од образование за животни вештини овозможуваат стекнување знаења и вештини за градење самодоверба кај учениците<br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) да |
| б) не |
| в) не можам да проценам |
| Ако Вашиот одговор е ДА, тогаш образложете на кој начин сте го забележале тоа! |
| Да, затоа што ________________________________<br>________________________________<br>________________________________ |
| 3. Образованието за животни вештини им овозможува на учениците да воочат дека изведувањето активности, соодветни на сопствените способности и интереси<br>(можете да изберете повеќе одговори) |
| а) е обврска која треба да се доврши |
| б) секогаш причинува задоволство |
| в) е можност учениците да покажат што знаат и умеат |
| г) друго ________________________________ |
| 4. Содржините од животни вештини овозможуваат подобрување на меѓусебното комуницирање, соработка и меѓусебно почитување меѓу учениците<br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) да |
| б) не |
| в) не можам да проценам |
| Ако Вашиот одговор е ДА, тогаш образложете на кој начин сте го забележале тоа! |
| Да, затоа што ________________________________<br>________________________________<br>________________________________ |

| |
|---|
| 5. Објаснете, на кој начин учениците преку образованието за животни вештини ги развиваат своите интерперсонални вештини! |
| ______________________________________________<br>______________________________________________<br>______________________________________________<br>______________________________________________ |
| 6. Содржините од животни вештини овозможуваат подобрување на комуникациските способности на учениците<br><br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) само во текот на наставата |
| б) само при престојот во училиштето (во наставните и вонаставни активности) |
| в) во секојдневните активности во домот |
| г) во опкружувањето, воопшто |
| д) друго ______________________________ |
| 7. Искуственото учење преку содржините за животни вештини овозможува ефикасно справување со емоциите кај учениците<br><br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) да |
| б) не сум сигурен |
| в) не знам |
| г) друго ______________________________ |
| 8. Содржините по образование за животни вештини влијаат врз емоционалниот развој на учениците<br><br>(изберете еден од понудените одговори) |
| а) потполно се согласувам |
| б) делумно се согласувам |
| в) не се согласувам |
| г) не знам |
| д) друго ______________________________ |

9. Образованието за животни вештини на учениците им овозможува стекнување вештини за решавање проблемски ситуации.

(изберете еден од понудените одговори)

а) да

б) не

в) не можам да проценам

Ако Вашиот одговор е ДА, тогаш направете избор за следните тврдења:

| Дали сметате дека учениците можат полесно: | | | |
|---|---|---|---|
| (Означете го Вашиот избор со знакот **X**) | **ДА** | **НЕ** | **НЕ ЗНАМ** |
| Да идентификуваат проблеми и причини за нивно појавување | | | |
| Да направат проценка за активностите за решавање на проблемите | | | |
| Да бидат подготвени за компромис | | | |
| Да бидат подготвени за учество во групно решавање проблеми | | | |

10. Образованието за животни вештини го поттикнува развојот на критичко мислење кај учениците

(изберете еден од понудените одговори)

а) потполно се согласувам

б) делумно се согласувам

в) не се согласувам

г) не знам

д) друго ________________________________________

| *Во следните тврдења направете избор и означете го со знакот **X*** | | | |
|---|---|---|---|
| **ТВРДЕЊА** | **ДА** | **НЕ ЗНАМ** | **НЕ** |
| 11. Содржините од животни вештини им овозможуваат на учениците создавање позитивна слика за себе - како личност | | | |
| 12. Образованието за животни вештини им овозможува на учениците создавање поголема свест за сопствените права и одговорности | | | |
| 13. Преку образованието за животни вештини учениците добиваат пореална и јасна слика за сопствените вредности | | | |

| *Во следните тврдења направете избор и означете го со знакот **X*** | | | |
|---|---|---|---|
| **ТВРДЕЊА** | **потполно се согласувам** | **делумно се согласувам** | **НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ** |
| 14. Преку содржините од образование за животни вештини учениците се оспособуваат за: подобрување, одржување и разубавување на околината. | | | |
| 15. Преку содржините од образование за животни вештини учениците се оспособуваат за полесно поврзување на апстрактното знаење со конкретни ситуации во реалноста | | | |
| 16. Содржините од животни вештини овозможуваат свесност за потребата од стекнување на хигиенски и еколошки навики. | | | |
| 17. Преку реализацијата на работилници од животни вештини | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учениците ги подобруваат своите способности за: | | | |
| а) успешна вербална комуникација | | | |
| б) ефективна вербална комуникација | | | |
| в) активно слушање | | | |
| г) преговарање | | | |
| д) нивната соработливост | | | |
| ѓ) подготвеност за тимска работа | | | |
| е) формирањето пријателства | | | |
| 18. Содржините од образованието за животни вештини им овозможуваат на учениците: | | | |
| а) да се запознаат со постоењето разлики во способностите и интересите меѓу луѓето | | | |
| б) да умеат да ги воочат сопствените способности, соодветно на возраста | | | |
| в) да умеат да ги препознаваат сопствените грешки | | | |
| г) полесно справување со ситуации на кои не може да се влијае | | | |
| д) развивање стратегии за справување со загуба | | | |
| ѓ) информирање за опасност од употреба на психотропни супстанци | | | |

| *Во следните тврдења направете избор и означете го со знакот **X*** | | | |
|---|---|---|---|
| ТВРДЕЊА | **ДА** | **НЕМАМ ПОСЕБЕН СТАВ** | **НЕ** |
| 19. Преку содржините од образованието за животни вештини учениците имаат можност да развиваат стратегии за подобро менаџирање на своето време. | | | |
| 20. Преку образованието за животни вештини учениците имаат можност да се запознаваат со социјалните и културни вредности на општеството, во кое живеат. | | | |

21. Рангирајте ги методите на работа кои ги применувате на одделенските часови, а овозможуваат ефикасно поучување за животни вештини *(одбележувањето направете го со користење на броевите 1. - најчесто применуван метод, 2. - често применуван метод, 3. - поретко применуван метод, итн.)*

| | |
|---|---|
| а) дискусии | ________ |
| б) работни групи | ________ |
| в) цртање | ________ |
| г) анализа на приказни, ситуации, случаи | ________ |
| д) игровни активности | ________ |
| ѓ) глумење и играње улоги | ________ |

22. Запишете го Вашето мислење за улогата и важноста на образованието за животни вештини во воспитно - образовниот процес на учениците!

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Ви благодариме!

# ПРАШАЛНИК

## за Ученици од основни училишта

Упатство за пополнување

*Почитуван ученику!*

Овој прашалник е наменет за потребите на едно истражување, кое ќе биде дел од магистерски труд. Прашалникот е анонимен и податоците се наменети само за истражувањето, и употребат за некоја друга намена. Обиди се, искрено да одговориш на прашањата. Внимателно прочитај ги прашањата и одговори со заокружување на буквата пред понудените одговори, со дополнување и со пишување одговори.

Однапред ти благодариме за соработката и подготвеноста да одвоиш дел од твоето време за пополнување на прашалникот!

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на училиштето | ОУ „________________________" | | | |
| Одделение во кое учиш (заокружи) | а) второ | б) трето | в) четврто | г) петто |
| Пол (заокружи) | а) машки<br>б) женски | | | |

| |
|---|
| 1. Одделенскиот час (со содржини од образование за животни вештини) е поучен и интересен<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) секогаш б) понекогаш в) никогаш г) не знам |
| 2. Содржините од образование за животни вештини ми помогнаа да ги препознавам и да ги „поправам" сопствените грешки. Се учам на своите грешки и:<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) се трудам истите грешки да не ги правам повторно |
| б) истите грешки ги правам често |
| в) понекогаш ги правам истите грешки |
| г) никогаш повторно не ги правам истите грешки |
| 3. Дали содржините од одделенски час (од образование за животни вештини) ти помагаат да имаш знаење за себе – како член на семејството?<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не сум сигурен в) не г) друго _______________ |
| 4. Преку некои содржини од образованието за животни вештини, подобро ги запознавам другарчињата, за полесно да можам да ги разберам<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не сум сигурен в) не г) друго _______________ |
| 5. Информациите од содржините за животни вештини се претставени на интересен начин, и лесно можам да ги разберам и запомнам<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не сум сигурен в) не г) друго _______________ |
| 6. Преку образованието за животни вештини на одделенските часови се оспособувам за успешна тимска работа. Знам дека:<br><br>(можеш да избереш и заокружиш букви пред повеќе тврдења) |
| а) треба да ги почитувам другарчињата од својот тим |
| б) не треба да ги почитувам членовите од другите тимови |
| в) треба секогаш да бидам водач (лидер) на тимот |
| г) секогаш најдоброто мислење во групата е моето мислење |
| д) мојот тим секогаш е најуспешен |

| |
|---|
| 7. Решавањето проблемски ситуации, од образованието за животни вештини, на одделенски часови ти помага во секојдневието (и во училиштето). Објасни!<br><br>(запиши со неколку зборови или реченици) |
| ______________________________________________________<br>______________________________________________________<br>______________________________________________________<br>______________________________________________________ |
| 8. Преку образованието за животни вештини, на одделенските часови научив како и каде можам да побарам помош, кога ми е потребна.<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не сум сигурен в) не г) друго ________________ |
| 9. <u>Заокружи (најмногу три)</u> од набројаните методи на работа на одделенските часови кои ти овозможуваат ефикасно поучување за животни вештини |
| а) разговори<br>б) работни групи<br>в) цртање<br>г) анализа на приказни / случаи<br>д) активности низ игра<br>ѓ) глумење и играње улоги |
| 10. Содржините по животни вештини ми помагаат за препознавање на чувствата (емоциите) кај себе си и кај другите.<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не в) не знам г) друго ________________ |
| 11. Преку образование за животни вештини полесно ги воочувам случаите на нееднаквост и неправди, и можам да научам како да ги надминам<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |
| а) да б) не сум сигурен в) не г) друго ________________ |
| 12. Преку содржините од животни вештини и на одделенските часови можам да учам за екологијата и односот кон природата.<br><br>(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| а) да | б) не сум сигурен | в) не | г) друго _______________ |

13. Дел од активностите од образование за животни вештини се реализираат преку работа во групи. Ако ти си член на некоја група, при некоја активност во училиште, тогаш ги почитуваш правилата на групата

(избери и заокружи буква пред едно од понудените тврдења)

| | | | |
|---|---|---|---|
| а) секогаш | б) понекогаш | в) никогаш | г) друго_______________ |

14. Програмата за животни вештини ми овозможи примена на знаењето и грижата за сопственото здравје, преку:

(можеш да избереш повеќе тврдења)

| |
|---|
| а) одржување лична хигиена |
| б) здрава исхрана |
| в) информирање за болести |
| г) друго ________________________________________________ |

Ти благодарам!